ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

ФЕНИКС 86

НЕВРАБОТЕНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

ОДРЖАНИ 23-ТИ РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

НЕВРАБОТЕНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

БРОЈ 70, ЈУЛИ 2011
www.stilm.com.mk
e-mail: stilm@stilm.com.mk

AMSTEL
FRUCTAL
INTERNET

AMSTEL
INTERNET

ЈУБИЛЕЈ
20

ФЕНИКС 86

ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Издавач:
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Уредувачки одбор:
Главен уредник:
д-р Нико Јанков

Одговорни уредници:
Бранимир Јовановски
Митко Фидановски

Издавачки совет:
Нико Јанков
Бранимир Јовановски
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

Лектор:
Раско Лозановски

Адреса:
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври" бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

Жиро сметка:
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 70, јули 2011
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86" е запишан
во регистарот на весниците

Компјутерска подготовка
Бане Галиќ, Методија Николовски

Печат:
„Југореклам Дизајн" – Скопје

Весникот е бесплатен

СОДРЖИНА

ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ОДРЖАНА ВТОРА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
ОДРЖАНА ТРЕТА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 6
ИНФОРМАЦИЈА ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА „ФЕНИКС 86" 7
ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА 8
ЗАБЕЛЕШКИ И СУГЕСТИИ НА ПРАВИЛНИКОТ ОД СТРАНА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА СО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ 8
ИСТО ТАКА ПРЕДЛАГАМЕ: 12
ОДГОВОР ОД ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА НАШИОТ ДОПИС ВО ВРСКА СО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА 13
НОВИНИ ВО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ НЕВРАБОТЕНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ 14
ПРИХОДИ КОИ НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ИЗЈАВИТЕ ЗА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ 16
ТРИБИНА ВО ДЕЛЧЕВО 17
СОРАБОТКА СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА 20
АКТИВНОСТИ НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА 21
СРЕДБА ВО ЗРЕЊАНИН 24
МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ НА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО НОВИ КНЕЖЕВАЦ 25
ОДРЖАНИ 23-ТИ РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 26
НАГРАДНА ИГРА 32
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 33
МУЗИЧКА ТЕРАПИЈА 33
КАЈ ЛИЦАТА СО ФИЗИЧКИ ИНВАЛИДИТЕТ 33
ИНТЕРВЈУ СО САШО КОЧАНКОВСКИ 37
ВО ДЕДИНО КАЈ ВАЦА 38
ЉУБОВ РЕКРЕАТИВНА ФУНКЦИЈА НА ПОЛОТ 41
МУЗИКАТА КАКО ЛЕК 45
ОД АКТИВНОСТА НА *НФСРИМ-МПК* 47
БРОНЗЕН МЕДАЛ ЕКИПНО ВО СПОРТ ПИШТОЛ И ФИНАЛЕ ЗА *ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА* ВО СЛОБОДЕН ИЗБОР 48
МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА НА ИЗЛЕТ 50
КАКО АМЕРИКА ЌЕ ОСТАНЕШЕ „НЕОТКРИЕНА" 51

Збор на уредникот

НИКО ЈАНКОВ

Повторно за Конвенцијата. Изборите беа и поминаа. Многубројните ветувања останаа да висат во воздухот. Воздухот кој го дишеме и ни е тешко од толку ветувања. Македонија остана оаза која ја нема ратификувано Конвенцијата. Сите веќе го сторија тоа. Кај нас останаа ветувањата. Лоби групата во минатиот состав на Собранието броеше 46 пратеници. Тоа е повеќе од една третина од составот. Ако тие успееја да излобираат кај само по еден пратеник плус, веќе ќе имавме имплементација. Прв пат еден член на владејачката партија на јавна трибина кажа дека ратификацијата не била во агендата. Во сегашната агенда им била, но е планирана за 2013 година. Ако навистина така биде, тогаш ќе имаме слоновско паметење па ќе им посочиме за она што го кажа.

Другата страна на медалот е што во меѓувреме ќе бидеме опсипувани со закони кои ни оддалеку ќе го немаат инструментот за апликација на правата кои ги обезбедува Конвенцијата. Но ние ќе продолжиме да лобираме. Ќе ја интензивираме кампањата како што тоа го направивме во 2010 година. Тогаш успеавме да ја заинтересираме и ЕУ Делегацијата која преку своите претставници не поддржа. Не поддржа во едни праведни и превентивни барања кои во суштина се елементарни човекови права. Човекови права кои неопходно мораат да се забетонираат во правниот систем и започнат да се применуваат енергично и постојано. Се бараат стандардите кои веќе се секојдневие повеќе децении во развиените западни демократии. Нашиот лет во место мора да се прекине и да се започне процесот после кој нема враќање на старо.

Така мои драги читатели, со моето прво враќање, ви посакувам мирно лето и спокојни летни денови. Со нови сили и енергија се гледаме наесен со нови предизвици.

Прим. Д-р Нико Јанков



ОДРЖАНА ВТОРА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Управниот одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија својата втора седница ја одржа на 19.04.2011 година во просториите на Мобилност Охрид

На седницата присуствуваа следните членови на УО: Бранимир Јовановски, Дејан Ѓорѓиевски, Ефтимчо Атанасовски, Васил Томов, Буран Бала, Венко Голабоски, Стеван Ангелески, Нико Јанков, Велибор Јаќимовски, Лилјана Матеничарска и Штејро Николов, потоа претставници на здруженија кои немаат член во УО: Касели Рамиз, Михајло Михајлов, Драги Петровски и Бобан Јорданоски. Отсутни беа: Ѓорги Питов од Свети Николе и Дејан Атанасовски од Гевгелија. На седницата беа присутни и: Митко Фидановски од Битола и Славица Зориќ, претседател на Сојузот на заболени од МС на Севернобанатскиот округ од Нови Кнежевац, Србија.

Присутните едногласно ја прифатија информацијата на претседателот за преземените активности помеѓу двете седници на УО, а кои се однесуваа на:

- извршените набавки и поправки во апартманите за опоравок на членовите во Охрид;
- одржаниот состанок на Комисијата за спорт на кој беа утврдени пропозициите, програмата и рокот за пријавување на екипи – 10 мај 2011г.;
- за текот на работата на Втората меѓународна ликовна колонија. Се донесе едногласна одлука на учесниците на колонијата од Србија да им се надомести трошокот за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење до Охрид. По оваа точка збор зема Венко Голабоски кој во својата дискусија потенцираше потреба од нагласено медиумско покривање на чинот на отварање и затварање на колонијата;
- Се донесе едногласна одлука за продолжување на соработката со Здружението на заболени од МС од Нови Кнежевац и Здружението на параплегичари од Зрењанин Србија, за учество на манифестации во нивна организација, како и за нивно учество на наши манифестации. Збор зема претседателот на Здружението на заболени од МС, Славица Зориќ, која ги поздрави присутните и ги истакна позитивните страни од досегашната меѓусебна соработка. По нивното учество на Тортијадата во Струмица, сега и тие организираат иста таква манифестација, а по нашето неколкугодишно учество ликовната колонија во Нови Кнежевац, сега исто така и ние организираме ликовна колонија. Славица Зориќ на кратко ги запозна присутните со нивната програма на активности на кои ќе бидат покенети претставници на здруженијата на Мобилност Македонија: тортијада, ликовна колонија, уметничка работилница итн.. Членовите на УО на Мобилност Македонија донесоа одлука наши претставници да учествуваат на манифестациите во организација на Здружението на заболени од МС од Нови Кнежевац и Здружението на параплегичари од Зрењанин Србија за кои ќе добиеме покана;

Едногласно се донесе одлука за распределба на средства за помош на членовите во трошоците при користење на здравствените услуги во висина од половина од редовната дотација што ја добиваат здруженијата. Средствата да се префрлат на здруженијата до крај на месец апрл 2011година.

По обемна дискусија, присутните членови на УО донесоа едногласна одлука на Мобилност Кочани да му се додели организацијата на првата тематска работилница во месец мај со наслов:„Можностите за вработување на лицата со телесен инвалидитет во јавната администрација“ и под тема: „Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (IPA CROSS-BORDER PROGRAMME).

Се донесе едногласна одлука Мобилност Штип да ја организира втората тематска работилница во месец септември.

Едногласно се донесе одлука во иднина предлозите од здруженијата за организирање на тематска работилница задолжително да содржат:

– образложение за потребата од наведената тема,
– учесници и предавачи на работилницата,
– очекувани резултати од работилницата,
– временска рамка на активностите и сл.

– Во врска со репрезентативниот апартман, се донесе едногласна одлука истиот да можат да го користат членовите на органите и телата на Мобилност Македонија, како и заслужните членови. Во 2011година репрезентативниот апартман ќе се користи во период од 1 јуни до 30 септември. Оваа година заинтересираните членовите до Мобилност Македонија треба да доставаат молба најкасно до 15 мај, а Комисијата за опоравок да се состане и да ги разгледа и одобри молбите на 25 мај. Репрезентативниот апартман ке се користи без надомест за храна и превоз. Исто така по поднесено барање репрезентативниот апартман може да се додели на користење од страна на НФСРИМ-МПК за потребите за подготовка на нашите членови од репрезентацијата во стрелаштво, како и за пријателите на Мобилност Македонија од Нови Кнежевац и Зрењанин од Србија.

Се предложи во апартманите да се разгледа можноста за приклучок на интернет.

– Претседателот ги информираше присутните дека од страна на Министерството за култура е прифатен нашиот проект за организација на музичките средби и истото ќе учествува во финансирањето на средбите со средства во висина од 80.000,00 денари. Се донесе одлука музичките средби да се организират во рамките на терминот на одржување на квиз натпреварите на 01.10.2011г.. Конкурсот за пријавување на учесници на музичките средби да се објави во весникот „Феникс 86“. Учесниците своите демо снимки треба да ги испратат до Мобилност Македонија најдоцна до 15.08.2011г.

– Едногласно беше донесена одлука општинските квалификациски квиз натпревари да се одржат на 14.09.2011 година во 17 часот кога по електронска пошта ќе бидат испратени прашањата, а во 18 часот до здруженијата ќе бидат пратени точните одговори. Здруженијата на Мобилност Македонија најдоцна до 19 чаот се должни да го пратат извештајот од спроведеното тестирање и да го пријават составот на своите екипи до канцеларијата на Мобилност Македонија по електронска пошта или по факс. Едноглсно се донесе одлука за обезбедување на потребната техника за одржување на квиз натпреварите во Струмица.

– Едногласно се донесе одлука да се исплатат средствата за извршената набавка на опрема (душеци, завеси, корнизи, бојлер, грејни плочи и друг ситен инвентар), извршените поправки (менување на ламинат во една гарсоњера и друго) и извршените услуги (молерисување, чистење, перење, дезинфекција, дезинсекцијаи дератизација) во апартманите за опоравок на членовите во Охрид, пред ставање на нивна употреба во сезоната за 2011 година.

– Претседателот ги информираше членовите на УО дека поради барањето на Агенцијата за државни патишта која е во пдготовка на изработка на нале-

пници (вињети) за возилата на членовите кои се ослободени од плаќање на патарина, имаме обврска да ги нумерираме членските книшки, и до Агенцијата да доставиме список на тие членови со податоци за нивното име и презиме, регистаркиот број на возилото и бројот на членската книшка. Се одлучи членските книшки да бидат нумерирани на начин на кој секој град (здружение) ќе има свој карактеристичен број и во продолжение се става тире и реден број на членот во списокот од здружението. Со оглед на тоа дека дел од членовите моравме да ги нумерираме заради напред опишаната потреба и барање, на здруженијата им беа поделени списоците со нумерираните членски книшки со препорака да продолжат континуирано со нумерирање на членските книшки за останатите свои членови.

– Потребата од организирање тркалезна маса со претставници на ФЗОМ, ортопедските куќи, лекари специјалисти и здруженија на лица со телесен инвалидитет, а во врска со „Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала“, се наметнува поради тоа што истиот предизвика усложнување на постапките за остварување на правата, како и на назадување на правото за добивање на поквалитетни ортопедски помагала. Се донесе едноглсана одлука на 28.04.2011 година во домот „Даре Џамбаз“ да се организа тркалезна маса на тема: “Новиот правилник за индикации за остварување на правото на ортопедски и други помагала – подобрување или уназадување на правата за лицата со телесен инвалидитет“. Се донесе одлука на тркалезната маса од страна на организаторот Мобилност Македонија освен претседателот и генералниот секретар да присуствува и членот на Управниот одбор д-р Нико Јанков, а од редот на претставници на здруженијата да присуствуваат претседателите од Мобилност Тетово и Мобилност Скопје.

– Едноглсано се донесе одлука за исплата на надоместок за домаќинот во апартманите за месец април 2011 година во нето износ во висина од 4500,00 денари, поради вонредно ангажирање околу набвките и поправките во апартманите за опоравок на членовите.

– Се прифати известувањето на Мобилност Струга на 14.05.2011г. да го организира одбележувањето на својот јубилеј - 20 години постоење и работење на нивното здружение, и да им се доделат средства согласно постојната одлука за одобрување на средства за таа намена.

– Барањето на Мобилност Тетово за рефундирање на средства за исплата на придонеси за вработено лице за 2007 година не беше прифатено од членовите на УО заради фактот дека тие средства еднаш биле уплатени. За да се помогне на здружението да може нормално да работи, претседателот на Мобилност Македонија предложи да им се помогне по пат на солидарност со тоа што секое здружение ќе донира определена сума. Предлогот беше прифатен од присутните членови на УО (со исклучок на Мобилност Радовиш) што значи дека секое здруженија од средствата од првата дотација за редовна дејност што ќе се исплати во месец јуни, ќе одвои сума од 1000 до 2000 денари како солидарна помош на Мобилност Тетово и тоа: Скопје, Битола, Штип, Прилеп, Струмица, Куманово, Кочани, и Кавадарци се сложија да помогнат со по 2000,00 денари, додека Велес, Струга, Охрид, Дебар и Кичево издвоија по 1000,00 денари.

– Едногласно се одобрија средства во висина од 11.000,00 денари за поправка на штета (замена на паркет со ламинат) направена од пукање на вододна цевка и поплава во просториите на Мобилност Куманово.

– Во врска со предлогот на Венко Голабоски за утврдување на методологија за распределба на средствата за редовна дотација на здруженијата се донесе заклучок здруженијата да достават писмени предлози до Мобилност Македонија за своите размислувања кои ќе бидат препратени до членовите на УО и ќе се донесе соодветна одлука по истото. Треба да се има во предвид дека сумата која Мобилност Македонија ја добива преку Министерството за финансии од игри на среќа врз основа на поднесената Програма не се зголемила 10 години наназад и дека нема индиции да се зголеми во следниот временски период.

ОДРЖАНА ТРЕТА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 22.06.2011 година во Скопје се одржа третата седница на УО на Мобилност Македонија.

На седницата се усвоија извештаите од спроведените активности и тоа: втората ликовна колонија, 23-те републички спортски игри, тематската работилница во Делчево, тркалезната маса за Правилникот за ортопедски и други помагала, учество на манифестацијата во Зрењанин, како и други активности кои беа реализирани во изминатиот период.

– Беа донесени повеќе тековни одлуки, а беа разгледани и понудите за отуѓување на деловниот простор во Скопје и истите беа едногласно отфрлени заради прениската понудена цена. Се донесе одлука Мобилност Скопје да ја испита можноста за издавање на деловниот простор за една година.

– Од самата седница произлегоа конкретни заклучоци кои им беа доставени до општинските и меѓуопштинските здруженија и тоа:

– Во рок од 10 дена од добивање на ова известување, да пријават потреба од набавка на атлетски фрлачки спортски реквизити и тоа: ѓуле од 3кг, 4кг, 5кг, 6кг или 7,26 кг, потоа диск од 1кг, 1,5кг или 2 кг, копје 600 или 800 грамско, односно информација дека немаат потреба од такво нешто. Напоменуваме дека самите здруженија ги сносат трошоците за набавка на спортските реквизити од средствата што ги добиваат за редовна дејност или од други средства што самите ќе ги обезбедат по пат на донации и спонзорства;

– На следната седница на УО ќе се одлучува по пристигнати барања за одржување на тематски работилници и одбележување на денот на лицата со телесен инвалидитет „4-ти Декември". Евентуалните апликации (со сите придружни прилози) да пристигнат во канцеларијата на Мобилност Македонија до 01.09.2011 година;

– До наредната седница на Управниот одбор, односно до 01.09.2011г. (седницата се планира да се одржи на почеток на септември) здруженијата да достават свој предлог за тоа како би постапиле во врска со членовите на Мобилност Македонија кои членуваат во други сродни инвалидски организации (или се претседатели или членови на органи и тела на тие здруженија) , односно да доставите свој заклучок во врска со примената на член 13 став 2 од Статутот на Мобилност Македонија, во кој се вели: „...и ако не е член на друго здружение или асоцијација со исти или слични цели и задачи";

– Здруженијата кои не доставиле „Тековна состојба" по пререгистрацијата согласно Законот за здруженија и фондации, тоа да го направат во рок од 10 дена од добивање на ова известување, како и да пријават промена на печати на здружението;

– Да го информираат своето членство дека рокот за пријавување и пристигнување на литературна творба (поезија) е 15.10.2011 година. Литературните творби до наведениот рок треба да пристигнат на адреса на Мобилност Македонија: ДХО „Даре Џамбаз", ул. 11 Октомври бр. 42а, 1000 Скопје, под шифра, а податоците на авторот да бидат доставени во затворен плик. Комисијата ќе изврши селекција на пристигнатите трудови, а натпреварувачкиот дел на литературните средби ќе се одржи во рамките на одбележувањето на „4-ти Декември", денот на лицата со телесен инвалидитет;

– Доколку здружението смета дека треба да се изврши промена во начинот на распределбата на средства што како дотација за редовна дејност сојузот ги префрла на здруженијата во тековната година, своите предлози за измени треба да ги достават во сојузот најкасно до 01.09.2011 година.

– Во рок од 10 дена од добивањето на оваа известување да достават свои видувања во врска со анализата на Законот за вработување на лицата со инвалидност во вид на конкретни предлози кои ќе се искористат за време на заедничката дебата со членките на НСИОМ, како и листа на аномалии и злоупотреби од страна на работодавачите или од страна на самите лица со телесен инвалидитет што се случуваат, а за кои имаат сигурни извори на податоци дека се случуваат.

Б. Јовановски

ИНФОРМАЦИЈА ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА „ФЕНИКС 86“

Уредувачкиот одбор на весникот „Феникс 86“ на својата последна седница донесе повеќе заклучоци со цел да го подобри квалитетот на весникот и да ја збогати неговата содржината, а со тоа членовите да добијат актуелни информации кои навистина им се потребни.

Учеството на се поголем број дописници и соработници допринесува за поквалитетното креирање на весникот. Меѓутоа, голем дел од добиените материјали се премногу опширни, или пак пишувани на стручен јазик и тешко разбирливи за читателите.

Заради тоа, Уредувачкиот одбор на весникот „Феникс 86“ апелира до сите дописници и соработници кои своите текстови ги доставуваат за објавување во весникот да го имаат предвид следното:

- текстовите да се напишани на едноставен и разбирлив начин;
- текстовите да бидат кратки и со информативна содржина;
- текстови да не се подолги од две отпечатени страни;
- пожелно е секој текст да е пропратен со соодветна фотографија;
- текстовите со стручна содржина (право, медицина, социјална заштита, рехабилитација, помагала и сл.) да бидат разбирливи, информативни, практични, со содржина компаративна со европската легислатива, лесно прилагодливи на нашата легислатива и корисни.

Од Уредувачкиот одбор

ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија веднаш по одржаната тркалезна маса на 28.04.2011 година и на која присуствуваа претставници на: ФЗО, лекари специјалисти, ортопедски куќи и здруженијата на лица со телесен инвалидитет испрати официјален допис до Фондот за здравствено осигурување со кој анализиравме дел од одредбите на Правилникот, дадовме наши сугестии со образложение за подобрување на положбата за остварување на правото на ортопедски помагала на лицата со телесен инвалидитет.

Забелешки и сугестии на Правилникот од страна на Мобилност Македонија со образложение

Член 6

Во став 1 стои: „За ортопедските и другите помагала од член 13 став 3, член 16, член 18, член 22 за ортопедските помагала со шифра 2503, 2504, 2505, 2506 и 2507 од Списокот на ортопедски помагала, член 27, член 28 и член 46 став 4 од овој Правилник, потврдата за потребата од ортопедското помагало се заверува по претходно прибавено мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот.“

Предлагаме: да се избрише обврската корисникот потврдата за потребата од ортопедското помагало се заверува по претходно прибавено мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот. Ова особено за ортопедските помагала на постојаните корисници кај кои нема можност за подобрување на здравствената положба (ампутации, параплегии, парализи на екстремитети...) особено од член 16, член 22, член 27....и на кои претходно веќе им е утврден таков статус и издадено ортопедско помагало.

Образложение: Првостепените лекарски комисии на Фондот во внатрешноста обично работат во простории кои се на спрат и непристапни за нашите членови со потежок инвалидитет. Истите не се состануваат секој ден, и со самото тоа нашите членови имаат проблем со повеќекратно ангажирање на роднини или пријатели за да ги заверат потврдите за потреба од ортопедски помагала. Ова дополнително ангажирање на лица за нормални потреби и редовна постапка на замена на ортопедско помагало во предвидениот законски рок е непотребно и воедно се коси со одредбите на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност и на нашите определби за овозможување на самостојност во живеењето на лицата со инвалидност. Од друга страна состојбата е трајна и нема можност за рехабилитација и со самото тоа и престанок на индикацијата за потреба од соодветното ортопедско помагало.

Член 7

Во став 3 стои: „На осигуреното лице на кое му е утврдена потребата за ортопедско помагало Фондот може да му се издаде користено помагало ако за тоа даде оценка и мислење Лекарската комисија на Фондот.“

Предлагаме: На наши членови кои се постојани корисници и кои не може да се движат на друг начин (параплегии, тетреплегии, двојни ампитации...) во никој случај не се согласуваме да им се доделуваат користени ортопедски помагала (инвалидски колички). И покрај уверувањето на претставниците на ФЗО дека овој став не се однесува на нашите членови постојани корисници на инвалидски колички, туку на пациенти кај кои се претпоставува дека ќе дојде до брза вертикализација или дијагнози кај кои се очекува брзо заздравување, сепак сметаме дека тоа не е добро опишано и дека се остава премногу простор за субјективна оценка и мислење на Лекарската комисија при Фондот.

Образложение: Референтните цени (кои патем не се ревидирани подолг временски период) ионака не

соодвествуваат со можноста нашите членови да можат да добијат квалитетна и функционална инвалидска количка. Нашите членови се активни лица кои се на школување или во работен однос и имаат потреба од инвалидска количка која ќе им служи повеќенаменски: да биде лесно склоплива, не така тешка за транспорт (самостојно внесување и изнесување од возило), да има модерен дизајн (здравите лица со костуми, а лицата со инвалидност со изгледот на своите ортопедски помагала оставаат впечаток на околината body language)... Сметаме дека ФЗО треба да ги зголеми референтните цени за да може да се набаваат коректни и

функционални ортопедски помагала (меѓу кои и инвалидски колички) и да се исклучи секаква субјективна можност на Лекарските комисии од било кои причини на постојаните корисници (нашите членови) да им доделува користени ортопедски помагала.

Член 11

Во став 3 стои: „Референтните цени на ортопедските помагала периодично се утврдуваат од страна на Фондот.“

Предлагаме: Да се изврши корекција на референтните цени особено за набавка на елементи за изработка на протези и ортози за горни и долни екстремитети, како и за инвалидските колички.

Образложение: На тркалезната маса која беше организирана на 28.04.2011 година во „Даре Џамбаз“ имаше презентација од страна на ортопедските куќи на која јасно беше ставено до знаење дека цената за набавка на елементите за изработка на ортози и протези веќе ја надминува референтната цена на ФЗО за одредени ортопедски помагала, што во крајна линија ги ограничува нашите корисници да добијат квалитетни ортопедски помагала. Не е логично со геријатриска количка или со „клепани ортози“ да се студира и да се појавува во јавност на официјални настани или со такви да се оди на работа. Особено што количките кои се добиваат за моменталната референтна цена ниту се од редот на „активни“, ниту лесно се управуваат, ниту пак се лесни за качување и симнување од автомобил. Лицата со телесен инвалидитет ниту се болни, ниту неспособни, а тоа што судбината си поиграла со нив без нивна вина или избор, не е причина да бидат маргинализирани и да се сметаат за граѓани од втор ред.

Во став 4 на истиот член стои: „Надстандардното ортопедско помагало е на терет на осигуреникот.“

Предлагаме: Итно да се промени оваа одредба и да се овозможи набавка на надстандардно ортопедско помагало со доплата на цена над утврдената референтна цена.

Образложение: Ова измена НЕ ГО ОПТОВАРУВА ФИНАНСИСКИ ФЗО бидејќи тој секако на нашиот член, корисник на ортопедското помагало ќе

му овери потврда за ортопедско помагало и ќе ја исплати утврдената референтна цена. Корисникот доколку има потреба и е во финансиска можност, се определува за набавка на друго, поквалитетно, полесно, пофункционално, со помодерен дизајн....ортопедско помагало со сопствена доплата (а не од средства на ФЗО) на средства и со самото тоа со ништо не го оптоварува буџетот на ФЗО.

Член 12

Во став 2 на овој член стои: „ Рокот на траењето почнува да тече од денот на испораката на ортопедското и друго помагало.“

Предлагаме: Рокот на траењето да почнува да тече од денот на заверка на потврдата за потреба од ортопедското и друго помагало.

Образложение: Ова од причина што Подрачните единици на ФЗО не заверуваат потврди за набавка на ново ортопедско помагало пред истекот на пропишаниот рок за кој се издава ортопедското помагало. Во пракса се случува ортопедското помагало заради административни дејствија или пролонгирано време на изработка да се користи неколку месеци подолго од пропишаниот рок што за нашите членови корисници на ортопедски помагала (чевли, ортози, протези, особено за активните корисници) е сериозна потешкотија.

Член 21

Во став 4 алинеја 3 (За протезите за нозе)стои: „- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;“

Предлагаме: - за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 24 месеци;

Образложение: Ова намалување на рок е потребно од причина што се работи за продуктивна и активна популација која оди на школо, на факултет, на работа, на културни манифестации, се дружи, спортува, рекреира, активно го живее животот.

Член 25

Во став 1 алинеја 3 стои: „ - за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 24 месеци;“

Предлагаме: - за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 18 месеци;

Образложение: Ова намалување на рок е потребно од причина што се работи за продуктивна и активна популација која оди на школо, на факултет, на работа, на културни манифестации, се дружи, спортува, рекреира, активно го живее животот.

Член 28

Во став 2 и 3 стои: „По исклучок од став 1 на овој член осигуреното лице кое е во работен однос, или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и на децата кои се на редовно школување до 18, односно 26 годишна возраст, покрај собна инвалидска количка има право и на теренска инвалидска количка на рачен погон.

По исклучок од став 2 на овој член, на осигуреното лице наместо теренска инвалидска количка на рачен погон може да му се одобри инвалидска количка на електромоторен погон ако поради функционалниот статус на рацете и нозете неможе активно да покренува количка на рачен погон, ако Лекарската комисија на Фондот оцени дека е способно сигурно и самостојно да ја управува.

Предлагаме: Правото на теренска инвалидска количка на рачен погон (која веќе и не се произведува) да се брише, а да се утврдува право на инвалидска количка на електромоторен погон и истата да не се врзува со редовно школување или работен однос на осигуреното лице.

Образложение: Еден дел од нашите членови кои имаат потреба и го користат ова право или го завршиле своето школување или како и многумина граѓани на РМ од разни причини не засновале работен однос, но со самото тоа не им престанала потребата да се движат, дружат, да посетуваат манифестации, едноставно потребата да живеат нормално во своето опкружување.

Член 38

Во став 1 стои: „Роковите на траењето на ортопедските чевли од член 33, 34, 35 и 36 од овој Правилник изнесуваат:

- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст – 12 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст – 12 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 18 месеци освен за ортопедските чевли од член 36 од овој правилник за кои рокот изнесува 12 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 18 месеци освен за ортопедските чевли од член 36 од овој правилник за кои рокот изнесува 12 месеци.

Предлагаме: Роковите на траењето на ортопедските чевли од член 33, 34, 35 и 36 од овој Правилник изнесуваат:

- за осигурени лица, деца до 7 годишна возраст – 8 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 10 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 12 месеци.
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 18 месеци освен за ортопедските чевли од член 36 од овој правилник за кои рокот изнесува 12 месеци.

Образложение: Децата до 7 години особено, меѓутоа и до 18 годишна возраст бргу растат и се хиперактивни, бргу ги израснуваат и амортизираат чевлите, па заради тоа и роковите треба да бидат како што предлагаме. Осигурените лица над 18 до 65 годишна возраст се продуктивна и активна популација која оди на школо, на факултет, на работа, на културни манифестации, се дружи, спортува, рекреира, активно го живее животот. Дури сметаме дека и овие рокови се преголеми бидејќи на крајот на краиштата има ли човек во Република Македонија или некаде на

друго место во светот кој 12 или 18 месеци носи едни и исти чевли (да ја оставиме модата настрана, да ги земеме предвид само годишните времиња).

Во образецот ИДК во Изјавата која ја потпишува осигуреното лице или негов застапник или старател стои дека истиот ќе ја надомести евентуално настанатата штета.

Предлагаме: Јасно да се дефинира во Изјавата на која штета се мисли.

Образложение: Некои наши членови заради природата на инвалидноста (пред се церебрална парализа) користат адаптирани колички со додатоци. Овие лица често или постојано се изложени на грчеви, спазам, неконтролирани движења заради кои може да се случи оштетување на ремени, наслони, седиште... на инвалидската количка. Потписниците на изјавите оправдано се плашат и се загрижени од можноста евентуалната штета субјективно да се протолкува како намерна штета и да бидат изложени на непотребни материјални трошоци.

Исто така ПРЕДЛАГАМЕ:

– Во дијагнозите за остварување на правото на средства за инконтиненција да се впише дијагнозата Agenezis sakralis.

– Да се формира комисија при ФЗО која ќе утврдува потреба од средства за инконтиненција, меѓутоа и за други ортопедски помагала кои не се опишани во дијагнозите, а постои индикација и оправдана потреба од нивно користење.

– Кај протези (особено за долни екстремитети), кај високо активни корисници (критериуми години, вработеност или школување и физички капацитети кај пациентот) да се одобрат пософистицирани протези (хидраулика,пневматика, активни стопала итн.) кои ке се одобруваат комисиски.

– За одредени дијагнози (параплегии, тетратлегии, квадриплегии, тетра и парапарези од потежок степен) поред собна инвалидска количка да се издава и тоалетна количка.

– Право на активна инвалидска количка (лесна и модерно дизајнирана ивалидска количка) за осигурени лица над 18 години со параплегија кои имаат прилагодено моторно возило и возачка дозвола. Рок на траење на ова ортопедско помагало 84 месеци.

– Комисијата за оценка на комунални и други услови да не се става во ингеренциите над лекарите специјалисти кои ја утврдуваат потребата и ги препишуваат помагалата?

– Општа е забелешката дека за да се препише ортопедското помагало лекарите треба да користат повеќе образци, шифри, потврди... а сето тоа бара многу време за кое останатите пациенти стануваат нервозни оти предолгу чекаат.

– Ќе го задржиме правото и во иднина до ФЗО да доставиме дополнителни забелешки и сугестии за подобрување на одредени права или постапки и разрешување на можни недостатоци кои ќе произлезат од примената на Правилникот.

Б. Јовановски

ОДГОВОР ОД ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА НАШИОТ ДОПИС ВО ВРСКА СО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги разгледал нашите забелешки и предлози на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедско и друго помагало и со свој допис бр.09-8626/4 од 30.06.2011 кој ви го цитираме во целост не известуваат за следното:

1. Вашето барање за измена на член 6, став 1 делумно е прифатено и тоа: лицата кои се постојани корисници на помагалата од член 16, член 22, член 27 и член 28 не треба да се упатуваат на Лекарска комисија при остварување право за соодветно помагало, освен при првото остварување на правото за тоа помагало. Работната група на Фондот започна со изготвување на работни материјали во кои е прифатено вашето барање.
2. Со горенаведената измена во точка 1 се оневозможува тие лица да добијат користено помагало од причини што потребата за користено помагало ја утврдува лекарската комисија (а со горенаведената измена тие лица не треба да се упатат на комисија, освен при првото остварување право на тоа помагало).
3. По стапување во сила на новиот Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедско и друго помагало, Фондот започна со активности за ревидирање на референтните цени на помагалата за што веќе се одржани средби со добавувачите.
4. Овој Правилник е усогласен цо Законот за здравствено осигурување.Од тука произлезе и потребата за промена на досегашната пракса да правото за надстандардните помагала осигурените лица го остварат со доплата на разликата пмеѓу референтната цена која е на товар на Фондот. Промената на законска регулатива следи по покренување на иницијатива и спроведување соодветна постапка.
5. Вашето барање за измена во член 12 од Правилникот се прифаќа и ќе биде направена соодветна измена.
6. Барањата за измени во член 21, член 25 и член 38 од Вашите забелешки се разгледани и истите ќе бидат предмет на анализа во наредниот период, по согледувањето на ефектите од примената на Правилникот за индикациите за остварување на право за ортопедско и друго помагало.
7. Во овој период Фондот не може да го прошири правото за потреба од електромоторна инвалидска количка со исклучување на посочените услови (член 28, став 2 и 3 од вашите забелешки).

Во врска со останатите ваши предлози Ве известуваме дека истите во наредниот период ќе бидат грижливо разгледани и направена анализа за прифаќање на Вашите барања се со цел обезбедување на потребни, соодветни квалитетни помагала.

Имајќи ги во предвид тешкотиите со кои се соочуваат лицата со телесен инвалидитет и нивните потреби, Фондот прави напори за излегување во пресрет на истите согласно можностите и Законските одредби.

Исто така, согласно потпишаниот Меморандум за соработка, очекуваме да продолжи започнатата соработка во насока на размена на информации за секоја ново настаната состојба.

Со почит,

Директор,
М-р Маја Парнарниева – Змејкова

ВД Директор,
М-р Виолета Петровска

НОВИНИ ВО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

НЕВРАБОТЕНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Во март 2011 год. беа донесени измени и дополнувања на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, кој ќе почне да се применува од 01.09.2011год. Во канцеларијата на Мобилност Македонија секојдневно се јавуваат невработени членови за кои се однесуваат измените во законот, со прашања како да постапат, дали тоа се однесува за нив, каде да се обратат за да се пррегистрираат и сл.

Со цел да им помогнеме да ги избегнат редиците чекање доколку ја остават оваа обврска до септември а за да обезбедат континуитет во здравственото осигурување, ги информираме членовите дека веќе од 1 јули можат да ја извршат задолжителната пререгистрацијата.

Каде треба да се обратат

Во зависност од тоа каде живеат, тие треба да се јават во подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување кои имаат свои шалтери во подрачните единици на Агенцијата за вработување во: Битола, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струга, Струмица, Тетово, Велес и Штип, или пак да се јават на шалтерите на подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување во: Берово, Крушево, Демир Хисар, Виница, Валандово, Македонски Брод, Пробиштип, .Кратово, Свети Николе, Неготино, Гевгелија, Дебар, Ресен, Крива Паланка, Радовиш и Делчево.

Зошто

Невработените членови треба да се јават на овие шалтери за да извршат промена на осигурувањето со потпишување изјава (ја добиваат на самиот шалтер) за остварените приходи и за да извршат презаверка на здравствената легитимација, како и за да пополнат **барање за издавање на електронска здравствена картичка (ЕЗК), кој на почетокот ќе ја замени функцијата на сините картони.**

Кој треба да се пререгистрира

Сите невработени лица што се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

Според законските прописи, од постојната група на невработени лица се издвојуваат три подгрупи за кои е задолжителна обврската за пререгистрација.

I група кои ќе го задржат правото на бесплатно здравствено осигурување

– доколку во претходната календарска година остариле приход кој не е поголем од 132.000,00 денари;

– доколку во претходната календарска година остариле приход од 132.000,00 денари до 264.000,00 денари, но во изминатите два месеци остариле приход помал од 22.000,00 денари.

Потребни документи:

Невработените лица кои ги исполнуваат горенаведените критериуми при доаѓањето на шалтер потребно е да понесат:

– копија од лична карта

– здравствена легитимација за себе и за членовите на потесното семејство (сопруг/а , деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст додколку се на редовно школување)

– извод од матична книга на родените и/или извод од матична книга на венчани, за членовите од потесното семејство (сопруг/а, деца до 18 годишна возраст, односно 26 годишна возраст доколкусе на редовно школување).

Овие лица на шалтерите треба да пополнат Образец ИОП-1(ИЗЈАВА за остварени приходи во претходната година, Образец ЗО-1(ОБРАЗЕЦ за промена на основот за осигурување) и барање за издавање на електронска здравствена картичка (ЕЗК) .

За овие лица, од 01.09.2011г. здравственото осугурување ќе го плаќа Буџетот на РМ.

Децата со навршени 18 години односно 26 години кои не се на редовно школување, стекнуваат својство на осигурано лице, односно се издвојуваат како посебни носители на здравственото осигурување. Во изјавата за остварени приходи не влегуваат приходите од нивните родители.

II група кои ке можат да добијат здравствено осигурување со доплата

- невработено лице кое во претходнта година остварило приход од 132.000,00 денари до 182.000,00 днари, а нема друг основ на здравствено осигурување, може да стекне својство на осигурено лице со доброволно пристапување во задолжителното здравствено осигурување, со тоа што самото е обврзник за плаќање придонес за задолжително осигурување. **Придонесот го плаќа на основица 50% од просечната плата во РМ објавена во месец јануари во тековната година.**

Се поднесуваат документи како во I група, а се пополнуваат обрасците ИОП-2, ЗО-1, и барање за ЕЗК.

III група кои ке можат да добијат здравствено осигурување со доплата

- невработено лице кое во претходнта година остварило приход поголем од 182.000,00 днари, а нема друг основ на здравствено осигурување, може да стекне својство на осигурено лице со доброволно пристапување во задолжителното здравствено осигурување, со тоа што самото е обврзник за плаќање придонес за задолжително осигурување. **Придонесот го плаќа на основица 100% од просечната плата во РМ објавена во месец јануари во тековната година.**

Се поднесуваат документи и се пополнуваат обрасци и барања како во II група.

Со поднесување на горенаведените изјави за остварените приходи, осигурениците се кривично и материјално одговорни и за лажни податоци ќе одговараат пред надлежните судски органи во РМ.

Во износите, наведени во изјавата, спаѓаат приходите на сите членови на едно семејство. Согласно Законот за здрвствено осигурување под семејство се подразбира сопруг/а, деца до 18 годишна возраст односно 26 годишна возраст доколку се на редовно школување.

ПРИХОДИ КОИ НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ИЗЈАВИТЕ ЗА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

1. Награди што ги доделува ат меѓународни организации, награди за животни достигнувања во науката, културата, спортот, стипендии на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа и фондациите согласност со законот, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;
2. Надоместок на лицата волонтери согласно Законот за волонтерство;
3. Детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток;
4. Надоместок во случај на смрт;
5. Помош за претрпени штети од елементарни непогоди;
6. Право на парична помош од социјална заштита утврдени со Законот за социјална заштита;
7. Надоместок за телесно оштетување;
8. Надоместок на штета по основ на осигурување на живот и имотни осигурувања;
9. Алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа на работа;
10. Надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица.

С. Прчева

ТРИБИНА ВО ДЕЛЧЕВО

Управниот одбор на Мобилност Македонија донесе одлука на својата седница одржана во Охрид да ја прифати апликацијата на Здружението Мобилност од Кочани заедно со Здружението Мобилност од Битола да се организира трибина на тема **„Можностите за вработување на лицата со телесен инвалидитет во јавната администрација“. Како втора тема за оваа средба беше понудена и „Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, IPA – CROSS BORDER PROGRAMME“.**

На ден 28.05.2011 година во хотел „Македонија“ во Делчево со почеток во 11,30 часот започна трибината со првата тема од програмата. На оваа трибина беа поканети сите здруженија кои ја сочинуваат Мобилност Македонија. За оваа трибина беа поканети и присуствуваа и гости од Република Бугарија со кои во иднина треба да се работи на заеднички проекти. Изненади заинтересираноста на сите поканети кои во голем број се отповикаа на поканата така да бројот на присутните на оваа трибина беше над 100 учесници.

Трибината започна со поздравен говор од страна на претседателот на Мобилност Кочани г-дин Горан Војновски кој накусо ги поздрави сте присутни гости на оваа трибина и искажа благодарност што имаат чест за прв пат да организираат ваков значаен настан во Делчево кое е во склоп на нивното здружение. Веднаш после него на присутните им се обрати и Градоначалникот на Делчево г-дин Горан Малешевски Тој го истакна и големото задоволство на членовите - инвалиди од овој град што имаат можност да ги пречекаат сите гости кај нив и на присутните им посака пријатен престој и успешна работа а изрази и спремност и во иднина да соработува со нашите здруженија за унапредување на положбата на лицата со инвалидност.

Вовед во првата тема од трибината имаше претседателот на Мобилност Битола г-динот Прим. Д-р Нико Јанков кој накусо ги запозна присутните со темите кои ќе се разгледуваат на трибината и за проблемите со кои се среќаваат лицата со инвалидност. Тој оваа трибина ја поврза и со неодамнешниот проект за ратификација и имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност бидејќи ова е продолжение на нашите напори за конечно заживување на оваа Конвенција.

Координатори за оваа трибина беа г-дин Ефтимие Атанасовски од Мобилност Кочани а од Мобилност Битола беше Прим. Д-р Нико Јанков.

Како предавачи на првата тема беа проф. Д-р Стеван Алексоски – декан на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од во Штип , доцент Д-р Војо Беловски – професор по трудово право и јавна администрација при Правниот факултет во Кочани, Митко Фидановски дипломиран правник – судски советник при Апелациониот суд во Битола како и г-дин Бранимир Јовановски – претседател на Мобилност Македонија.

Деканот на Правниот факултет проф. Д-р Стеван Алексоски ги поздрави присутните и истакна дека овој проблем треба да се надмини и ја понуди својата помош како и помошта од научната јавност од Универзитетот кои со своето знаење и логистика секогаш можат да помогнат при изработката на предлози за измена на прописите од оваа област.

При предавањето особено беше разработен членот 27 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност каде е наведено дека државите потписнички покрај другите права од работен однос треба да се залагаат особено за вработување на лицата со инвалидност во јавната администрација. Државите треба да прават се за што поголема застапеност на лицата со инвалидност во овој сектор и дека треба да изготвуваат посебни програми за нивно непречено вработување во јавната администрација. Целта на

овој член од Конвенцијата е да се поттикни што поголемо вработување на лицата со инвалидност не само во приватниот сектор туку и во јавниот сектор каде до сега поради немање на соодветна стратегија овие лица се застапени со симболична бројка. Во таа насока од страна на Митко Фидановски беа предочени и статистичките податоци со кои располага Мобилност Македонија и од кои се гледа дека лицата со инвалидност се вработени во јавниот сектор во многу мал број и дека државата не прави скоро ништо да се стимулира нивното вработување во јавната администрација. Овој предавач особено се осврна и на одредбите на Законот за вработување на инвалидни лица со кој се регулира начинот на вработување на инвалидите и нивните права и обврски а пред се погодностите кои ги добиваат работодавачите за секое лице со инвалидност кое ќе го вработат. Меѓутоа, како што тој објасни, сите погодности што ги дава Законот за вработување на инвалидни лица се само за приватниот сектор. За вработување во јавниот сектор или администрација ниту државата е заинтересирана ниту пак се предвидени било какви бенефициии и затоа вработувањето во јавната администрација е симболично. Во наредниот период ќе треба да се залагаме пред се за ратификација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност и за доследна имплементација на одредбите од чл. 27 односно за вработување на инвалидните лица во јавниот сектор.

Професорот Војо Беловски во своето излагање исто така го истакна фактот дека во јавниот сектор скоро и да нема вработување на лица со инвалидност и дека сите вработувања се само инцидентни и не се согласно некоја законска регулатива која би го стимулирала ова вработување. За да се надмини оваа состојба тој предложи да се залагаме за измена на законите и да се предвиди задолжително вработување на инвалидни лица во јавната администрација по систем на квоти за вработување односно по примерот на Рамковниот договор. Доколку успееме да го зацртаме овој принцип во прописите ќе се отвори слободен пристап и вработување на инвалидни лица и тоа во соодветен број за секоја година односно периодичните планови за вработување.

Претседателот на Мобилност Македонија Бранимир Јовановски се задржа повеќе на претстојните измени на законската регулатива за вработувањето на



инвалидите. Како што тој истакна во подготовка е носење на сосема нов Закон за вработување на инвалидни лица кој ќе биди сосема различен од досегашниот и ќе има сосема поинакви решенија за вработување. Тој истакна дека има одредени сознанија за работната верзија на овој Закон и дека размислувањата на предлагачите на овој закон се рестриктивни во однос на досегашната пракса. Тој ги истакна добрите предлози во овој Закон меѓутоа изрази и голема загриженост што се предвидуваат и многу понеповолни решенија со кои и онака тешката состојба за вработување на лицата со инвалидност уште повеќе ќе ја усложни. Во своето излагање тој ги изнесе и примерите на закони за вработување на инвалиди на другите држави во Европа кои се опфатени со анализата направена од Министерството за труд и социјална политика во функција за изнаоѓање на решенија за новиот Закон за вработување на инвалидни лица кој е во подготовка. Од овие примери се виде какви се решенија се предвидени во тие земји за да се надмини проблемот за вработување на инвалидите.

На крајот тој искажа разочараност што секогаш кога нешто се одлучува во името на инвалидите никој нив не ги консултира и во нивно име а без нив се донесуваат прописи кои потоа треба да се применуваат со сите свои добри и лоши страни а последиците од лошите решенија секогаш ги поднесуваат самите инвалиди. Затоа тој истакна дека мора да се прекини со праската да се одлучува за нас а без нас.

По завршувањето на дискусијата по првиот дел од трибината се усвоија заклучоците со кои ќе треба да се запознаат одговорните фактори во државата. Во вториот дел од трибината се разработи темата: **Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, IPA – CROSS BORDER PROGRAMME“.** За оваа тема свое излагање

имаа г-дин Тони Стојменов советник на градоначалникот на Делчево како и г-дин Драган Петров од ЛЕР Кочани. Овие излагачи детално ги изнесоа сите можности за користење на средствата на Европската унија за финансирање на проекти за прекугранична соработка. Можностите за соработка и учество во конкурирање и реализација на проекти се големи само треба да се изнајдат соодветни партнери од соседната држава Бугарија со кои ќе можат да се реализираат проекти од значење за двете држави. Особено тука се големи можностите за проекти во кои ќе бидат вклучени соседните општини од двете страни на границата. Тука има место за соработка и заеднички проекти за подобрување на положбата на лицата со инвалидност и треба да се конкурира заедно со соодветно здружение од Република Бугарија.

Во текот на излагањето детално беа објаснети сите фази за изработка и конкурирање за проекти кои се финансираат од Европската Унија и беше истакнато дека од страна на стручни лица при Општините Кочани и Делчево ќе им се помогни на нашите претставници за полесна апликација за проекти а пред се во техниката на изработката.

Во богатата дискусија по оваа тема збор зедоа и гостите од Република Бугарија и тоа: г-дин Лазар Чавков - заменик градоначалник на Рила, Вангел Аврамов – директор на националниот парк Рилски Манастир , Ѓорги Буцев – претседател на лицата со инвалидност од Дупница Република Бугарија и Марин Гиздов – заменик претседател и на крај Росица Ангелова – претседател на лицата со инвалидитет од Благоевград.

Росица Ангелова искажа големо задоволство од присуството на оваа трибина и од пријателскиот однос на сите присутни како и од одличната организација на средбата. Темите кои се разработувани на оваа трибина биле интересни и содржината добро презентирана. Таа особено го истакна искуството на нивното здружение и приликите и положбата на лицата со инвалидност во Република Бугарија. Во република Бугарија Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност била ратификувана пред влезот во Европската унија меѓутоа и покрај тоа што нивната држава е членка на Унијата па и покрај ратификацијата на Конвенцијата положбата на лицата со инвалидност многу не се изменила. Државата многу

малку направила за имплементација на одредбите од Конвенцијата и скоро на сите полиња се касни со донесување на прописи со кои ќе се изменат и положбата и стандардот на инвалидите.

Сите гости од Република Бугарија искажаа готовност за идна соработка за заеднички настап при конкурирање за проекти како би се подобрила положбата на лицата со инвалидност и беше донесен заклучок да се потпиши меморандум за соработка со соседните здруженија од двете страни на границата.

На крајот од оваа средба домаќините ги повикаа сите учесници и гости да го посетат Дневниот центар за лица со посебни потреби кој е современо опремен и уреден по сите светски стандарди за згрижување на овие лица. При посетата на овој Дневен центар управникот на Центарот ги запозна сите гости со работата на овој значаен објект од социјалната заштита за градот. Тој потенцираше дека Центарот го изградила Владата на Република Македонија и дека е современо опремен така да сите штитеници можат преку ден да си го исполнат времето со разни активности и занимања. Вработените стручни лица преку денот се грижат сите штитеници да го добијат своето внимание и да можат и работно да се ангажираат при што изработуваат и ракотворби а некои од нив и сликаат или на друг начин творат со што значително е подобрена нивната состојба.

На крајот би сакал да го искажам моето задоволство од посетата на Делчево каде морам да признам дека за прв пат престојував и особено сум задоволен од организацијата на трибината и содржината на презентираните теми и материјали. Се надевам дека и во иднина ќе имаме вакви и слични можности да дискутираме на некои теми кои се актуелни во секојдневните активности на нашите здруженија.

Митко Фидановски

СОРАБОТКА СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Генералниот секретар и претседателот на Мобилност Македонија во мај и јуни годинава имаа интензивна комуникација со претставниците на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија во врска со бенефицијата за ослободување од паратина за нашите членови согласно Законот за јавни патишта. Во разговорите беше договорено Агенцијата да изработи налепници (вињети) кои ќе се лепат на левата страна на ветробранското стакло на автомобилот на членот кој има остварено право на оваа бенефиција, а истата поред бар код, напис за ослободување од патарина согласно Закон, ќе го содржи и регистарскиот број на моторното возило за кое се однесува ослободувањето.

За таа цел беше ревидиран и ажуриран списокот на корисници кој го имаме во нашата архива, на начин што побаравме општинските и меѓуопштионските здруженија во определен рок да ни доставаат евентуални измени на регистарки таблици или отуѓување и набавка на друго моторно возило од страна на членовите. Откако ова беше реализирано се одржа работна средба во просториите на Агенцијата и за недела дена ги добивме налепниците кои важат до крајот на тековната 2011 година и веќе им се доставени на здруженијата за понатамошна дистрибуција до членовите. Важно е да напоменеме дека ослободувањето на патарина се однесува само за моторни возила регистрирани во Република Македонија кои ги управуваат нашите членови или нивни роднини или старатели, кои служат за превоз на лицата со телесен инвалидитет согласно критериумите опишани во Законот за јавни патишта.

Исто така беше договорено за следната година да се изработат нови налепници, а постапката да ја започнеме на почетокот на месец декември 2011.

Б. Јовановски

АКТИВНОСТИ НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА

Во ова тромесечје се одржаа две седници на УО на МОБИЛНОСТ Битола. Главна преокупација беше организирањето и изведувањето на традиционалното дефиле и Јубилејот 20 години КУД „Феникс“. Тековните активности во вторник и петок се вообичаени – со дружење. Подготовките за спортските игри исто така. Успеавме да ги реализираме сите активности самостојно. Градоначалникот вообичано помогна, но тука беа и вообичаените спонзори, Medicus Help и ОМР Орто Битола. Вербалната поддршка од МНД Битола и Лајонс клубот – Хераклеа се добредојдени. Во Демир Хисар ништо ново. Обезбедениот простор тековно се користи од неколку членови, а повремено и од повеќе. За среќа нема проблеми со давателите на услугата (обезбедувањето на просторот). Таму нема, но има во Ресен. Веќе добивме ново решение за престанок на користење на отстапениот простор и во истото ни е доделен нов простор кој сеуште не е адаптиран. Имаме комуникација со надлежните, но иако оваа ситуација сеуште не е средена, ние не се брзаме. Се надеваме дека до септември и тоа ќе се реши во целост и ќе бидат хармонизирани условите за користење на новиот простор. Контактите на активистите со надлежните се во тек и тие ја следат состојбата.

После контактите и обезбедување на спонзори и нивно присуство, веднаш се пристапи кон подготовка на рекламен материјал (паралелно со трибината во Делчево). Целата идна активност се објави на веб страната (www.mobilnostbitola.org.mк). Прво беше изработен плакат, а после тоа и програма и летоци. Со обезбедување на материјалите беше изработена и видео презентација за двата настани, а во тој контекст беше и интензивирана комуникацијата за обезбедување на простор (Малата сала во Центарот за култура – Битола). Во меѓувреме спортските игри беа и завршија, а остана впечатокот дека повеќе можевме отколку што дадовме, но тоа е друга приказна.

Во последниве денови се интензивираа активностите и беа завршени сите непосредни подготовки, така што на 25.06.2011 г. ги пречекавме сите поканети гости и наши членови од 10 до 10:30 ч. на плоштадот Магнолија пред новопоставениот споменик на Филип Македонски. Беа собрани повеќе од 100 членови од Битола и неколку здруженија од Македонија.

Се разбира дека повеќето здруженија од Македонија кои беа присутни имаа заслужни (придружни)

членови на КУД „Феникс“. Откако се дадоа изјави на медиумите, заедно со градоначалникот на Битола, г-дин Владимир Талески, претседателот на МОБИЛНОСТ Македонија, г-нот Бранимир Јовановски и генералниот секретар Софче Прчева, сите заедно дефилиравме низ познатата дестинација по Широк Сокак – плоштад Магнолија до хотел Епинал. Бевме видени и поздравени од повеќе граѓани на Битола кои искажаа симпатии за нашата активност.

Пред хотелот Епинал се собравме сите, му се заблагодаривме на градоначалникот за присуството, а тој се извини што мора да не напушти поради други договорени обврски. Сите задно, околу 100 души, се префрливме во Малата сала на Центарот за култура која е пристапна, преку дворот на ОУ „Гоце Делчев“

каде што беше обезбедено паркирање на возилата на сите наши членови под контрола и надзор на полицијата. После сместувањето во салата, претседателот на МОБИЛНОСТ Битола ги поздрави присутните и искажа неколку реченици за претходното дефиле и значењето за што побрза ратификација и започнување на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидитет. После следуваше претставување на медијаторите на јубилејната средба 20 години КУД „Феникс“ и тоа Д-р Екатерина Јосифовска, М-р Сашо Кочанковски и Томче Најдовски.

Прв воведен збор имаше претседателот на МОБИЛНОСТ Битола, а непосредно пред започнување на стручниот дел ја покани познатата уметничка и професор на Педагошкиот факултет во Битола, Проф. Д-р Мери Кавкалеска-Стоилкова да изведе композиции на клавир од Моцарт и Шопен. Со многу внимание и во тишина беше проследен нејзиниот настап кој беше награден со силен аплауз.

После тоа прво се претстави Сашо со видео презентација за психолошката терапија и влијанието на музиката кај лицата со телесен инвалидитет. Тој осо-

бено ја истакна музиката на Моцарт како најделотворна. После него се претстави Екатерина со интересна и впечатлива видео презентација и музика на Бетовен, изведби на Андреа Бочели и Стиви Вондер и познатата Евелин Глени, перкусионист која музицира на различни предмети. Методот беше дека за музиката која е во вас може да се употреби било што како инструмент за да се пренесе таа музика. Томче Најдовски емотивно се потсети на своите први и подоцнежни чекори во музиката и влијанието на истата во неговиот живот. После тоа имаше дискусија од повеќе лица, а заедничко е тоа што сите ја имаа истата заложба дека со и низ музика се постигнува многу добар ефект во животот на лицата со телесен инвалидитет.

После завршување на дискусиите, претседателот на МОБИЛНОСТ Битола официјално го заврши стручниот дел на средбата и премина на врачување на

плакети, признанија и благодарници на заслужните за 20-годишното постоење и делување на КУД „Феникс“. За жал двајца од основачите на КУД „Феникс“ – Томе Груевски и Ваница Димовска не се повеќе со нас, но сеќавањето за нив е трајно. После завршување на овој свечен дел, сите присутни, заедно со гостите и другите поканети се упатија во ресторанот „Корзо“ каде во пријатна атмосфера имаше ревијално дружење со КУД „Феникс“. Се на се впечатлива средба за заокружување на активностите пред летните одмори.

Јули 2011

Прим. Д-р Нико Јанков

СРЕДБА ВО ЗРЕЊАНИН

Делегацијата на Мобилност Македонија во состав: Бранимир Јовановски-претседател, Софка Прчева-генерален секретар и Дејан Ѓорѓиевски-претседател на Мобилност Скопје, од 21-23.05.2011 година по покана од Кристина Живанкиќ, претседател на Здружението на параплегичари и квадриплегичари на Северен Банат, со седиште во Зрењанин, учествуваше на манифестацијата „Златно Котле 2011“ како гостин. Делегацијата беше сместена во приватната куќа од сопругот на Кристина во непосредна околина на Зрењанин.

На средбата беа разменети искуства во остварувањето на правата на лицата со телесен инвалидитет и беа договорени детаил за идна соработка со здружението. Исто така беа остварени контакти и разговори со претставници на повеќе здруженија од Србија.

Самата манифестација беше пропратена со многу смеа, разиграност, шега помеѓу учесниците, и навистина иако имаше натпреварувачки карактер во два дела и тоа: готвење на рибља чорба и готвење на грав, беше навистина релаксирачка за лицата со телесен инвалидитет. Учествуваа повеќе екипи од сите делови на Србија, и самите избираа што ќе подготвуваат.

По три часа, комисијата ги оцени сите чорби при што посебен акцент при одлучувањето имаше вкусот, бојата, густината….на чорбите и ги прогласи најдобрите екипи во двете конкуренции. Интересен е податокот дека сите чорби откако ќе бидат приготвени и откако ќе се остави по една наполнета чинија за оценка, се делат за ручек на присутните натпреварувачи и гости на манифестацијата. Ние имавме среќа да бидеме понудени за ручек со чорба грав подготвена од победникот на манифестацијата, иако во тој момент се уштен е се знаеше редоследот на натпреварувачите.

Со оглед на тоа дека гравот е дел од традиционалната македонска кујна, можно е во иднина Мобилност Македонија да организира слична манифестација на која ќе учествуваат екипи од нашите здруженија.

Б. Јовановски

МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ НА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО НОВИ КНЕЖЕВАЦ

Македонските уметници, членови на Мобилност Македонија: Роза Мојсовска, Тома Димовски и Афердита Кики – академски сликар, заедно со академските сликари Гроздан Крстевски и Денис Тенев, придружувани од претседателката на огранокот на МС од Мобилност Скопје, Биљана Велиновска, од 23-29.06.2011

година учествуваа на 9-та по ред ликовна колонија во Нови Кнежевац, Србија. На колонијата неа присутни 16 уметници од Србија и Македонија кои нацртаа вкупно 40 дела во разни техники. Гости на колонијата по покана на организаторот Славица Зориќ, која е претседателка на здружението на лица заболени од МС на Северно-Банатски округ, во период од 26-29.06.2011 година беа и претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, генералниот секретар Софче Прчева и претседателот на Мобилност Скопје, Дејан Ѓорѓиевски.

Уметниците и нашиот генерален секретар беа сместени во куќата на МС во Нови Кнежевац во чиј двор и се одвиваше севкупната активност на колонијата. Имаше ангажирано повеќе волонтери кои се грижеа за исхраната и другите потреби на учесниците на колонијата.

Во рамките на колонијата, во Библиотеката во Нови Кнежевац која е сместена во градскиот парк, беше организирана изложба на дела од нашиот уметник Тома Димовски. Изложбата беше одлично посетена. За делата на нашиот уметник со пригодни зборови се обрати Славица Зориќ, а потоа изложбата беше официјално отворена од страна на претставничката на Советот на општина Нови Кнежевац. Сето ова беше пропратено со уметничка програма на двајца млади музичари на флејта и гитара. Изложбата ќе трае еден месец, а Славица Зориќ најави дека идната година за време на јубилејната 10-та по ред ликовна колонија во Нови Кнежевац, на истото место ќе биде отворена изложба на дела на нашата Роза Мојсовска.

Во рмаките на посетата нашите претставници размениија искуства и ја потврдија натамошната соработка, а беше организирана и посета на езерото Палиќ и на Градската куќа во Суботица.

На завршната вечер беше спроведен ритуал на одбележување на српската слава Видовдан, која всушност е и слава на здружението на заболени од МС на Северно-Банатскиот округ со седиште во Нови Кнежевац, во кој ритуал беа вклучени и нашите претставници.

За следната година, претседателката на здружението најави дека има желба и план да ги покани сите уметници кои учествувале на изминатите девет ликовни колонии и да организира голема изложба на дела кои ќе ја одбележат десетата по ред ликовна колонија во Нови Кнежевац. Навистина убава традиција на творење, дружење и оставање на уметнички дела во хуманитарни цели.

Б. Јовановски

ОДРЖАНИ 23-ТИ РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Дваесет и третите Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија се одржаа од 03-05.06.2011 година на спортските терени во Струга и Охрид, а во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија и во соорганизација со Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет. Спортистите беа сместени во хотелот „Галеб“ во Струга, додека натпреварите се одржаа: стрелаштвото на стрелиштето во Охрид, атлетиката на стадионот на ФК „Караорман“ во Струга и пинг понгот во спортската салата „Нико Нестор“ во Струга. Ова е убава прилика да им изразиме голема благодарност на спортските работници од ФК „Караорман“ од Струга, кои дозволија бесплатно користење на стадионот за одржување на натпреварите во атлетски повеќебој.

На 23-те Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Македонија учествуваа 72 натпреварувачи од 16 општински и меѓуопштински

здруженија на лица со телесен инвалидитет од државата. Единствено членовите на екипата на Мобилност Свети Николе, иако имаа уредно поднесена пријава, не се појавија на игрите. За првпат по подолго време на игрите учествуваше и еден натпреварувач – јуниор и тоа Елена Давитковска од Кратово.

Свеченото отворање на игрите се случи во вечерните часови на денот на пристигнувањето на учесниците на игрите во големата сала на хотелот „Галеб“ во Струга. Церемонијата на отварањето на игрите започна со едноминутно молчење во чест на починатиот претседател на Мобилност Македонија, Миодраг Игњатовиќ, како и на починатата истакнатата спортистка Вергита Сули од Битола.

Потоа по неколку пригодни зборови претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, ги прогласи игрите за отворени.

Во периодот кои им претходеше на игрите, Стручната комисија донесе Правилник за одржување на игрите, пречистен список на директно квалификувани спортисти и изготви листа на пријавени спортисти по одделни спортови, состави програма за одржување на игрите и сите овие акти беа верифицирани од УО на Мобилност Македонија. Исто така се донесе одлука при класифицирањето на новите спортисти и понатаму да биде користена класификацијата што пред неколку години ја направи меѓународниот

класификатор во атлетика, г-дин Гетош од Хрватска и класификаторката во пинг понг, г-ѓа Романа Романов од Србија, како и според меѓународните правила и критеријуми кои важат за пооделни спортови. Новопријавените спортисти на игрите, како и досега, беа класифицирани од страна на Др. Нико Јанков и Бранимир Јовановски. Спортистите од општа категорија во машка и во женска конкуренција во атлетика се натпреварувaа во редовна конкуренција, со тоа што тие фрлаа со тежина на реквизити за атлетичари без инвалидност, а коефициент за пресметка на бодови се земаше од категоријата Ф46. Останатите спортисти се натпреварувaа со тежина на реквизити пропишана за нивната инвалидност од страна на атлетската секција при параолимпискиот комитет. Комисијата за жалби и приговори во состав: Бранимир Јовановски, Драган Дојчиноски и Софче Прчева благодарение на коректноста на натпреварувачите немаше ниту една интервенција, ниту предмет за решавање.

Предвидената програма, со претходен договор со стрелците кои беа пријавени за натпреварите во стрелаштво, а подоцна и со капитените на екипите претрпе мала измена. Имено, натпреварите во стрелаштво беа префрлени во првиот натпреварувачки ден во поладневните часови, наместо како што беше предвидено да бидат во попладневните часови во вториот натпреварувачки ден. Ова од две причини: прво, да се остави простор доколку времето не ни биде наклонето и во случај да паѓа дожд во предвидениот термин за атлетика да се обезбеди простор за друг термин за одржување на натпреварите во атлетски повеќебој и второ, да се избегне доцнењето на церемонијата на прогласување на најдобрите, бидејќи оценувањето на метите и сумирањето на резултатите бара дополнително и не така кратко време.

Првиот натпреварувачки ден во 16 часот на помошниот терен на стадионот на ФК „Караорман“ во Струга се одржаа натпреварите во атлетски повеќебој во фрлачки дисциплини за сите категории. Борбите се одвиваа едновремено на три борилишта: копје, ѓуле и диск. Најнапред настапија натпреварувачите во категорија седење и во категоријата жени стоење. Иако со делумни кратки периоди на дожд, времето и оваа година народски кажано „додржа“, бидејќи обилните дождови започнаа веднаш по завршување на натпреварите.

Натпревари во тркачки дисциплини не беа одржани бидејќи претходно немаше доволно пријавени натпреварувачи, а и немаше услови за одржување на трки бидејќи на стадионот во Охрид, на новата атлетска тартан патека во исто време се одржуваше државно првенство на Македонија во атлетика во организација на Атлетската федерација на Македонија. Искрено се надеваме дека идната година нашите атлетичари – тркачи ќе можат да ги презентираат своите вештини на новата патека во Охрид.

Во натпреварите во атлетика беа постигнати следните резултати и пласмани:

Мажи колички

	Име и презиме	Класа	Град	Ѓуле	Диск	Копје	Поени
1	Зоран Јовановски	Ф55	Струмица	5,17	13,70	9,31	**1101**
2	Спасе Коцев	Ф55	Радовиш	4,60	13,10	9,43	**1037**
3	Муштеба Амети	Ф55	Охрид	4,38	11,30	10,62	**1006**
4	Сашо Тодоровски	Ф57	Скопје	5,22	11,60	10,19	**900**
5	Авни Хисмани	Ф56	Тетово	4,53	10,10	6,96	**844**
6	Игор Димитриев	Ф56	Тетово	4,03	9,91	8,03	**825**

Жени колички

	Име и презиме	Класа	Град	Ѓуле	Диск	Копје	Поени
1	Елизабета Тодоровска	Ф55	Куманово	3,39	6,99	6,22	**1024**
2	Зивка Мицова	Ф56	Кочани	3,15	6,85	6,09	**945**
3	Елена Давитковска	Ф55	Кратово	2,76	7,10	4,81	**873**
4	Нурие Фаризи	Ф58	Струмица	2,90	5,90	5,32	**666**

Жени

	Име и презиме	Класа	Мобилност	Ѓуле	Диск	Копје	Поени
1.	Нада Цветковска	Ф46	Куманово	8,10	18,17	17,10	**1564**
2.	Лилјана Мицовска	Ф46	Кочани	7,24	19,00	16,20	**1488**
3.	Лидија Успрцова	Ф42	Штип	4,60	13,63	9,95	**1280**
4.	Нада Илиоска	Ф44	Кичево	6,93	14,17	11,60	**1262**
5.	Силвана Трајковска	општа	Скопје	6,21	14,85	13,10	**1221**
6.	Љубинка Крстеска	општа	Прилеп	5,33	16,29	11,20	**1131**
7.	Мерита Арслани	Ф42	Струга	4,16	10,02	8,12	**1051**
8.	Љубица Манчева	Ф44	Радовиш	5,45	14,15	7,75	**1034**
9.	Зорица Гочева	општа	Скопје	5,07	11,78	12,20	**1028**
10.	Иванка Колева	општа	Велес	5,10	9,78	11,00	**952**
11.	Габриела Блажева	општа	Скопје	4,82	12,15	9,50	**944**
12.	Аџерка Зеленоска	Ф37	Охрид	3,44	8,30	5,46	**848**
13.	Љуљета Ала	Ф44	Штип	4,21	9,35	9,33	**848**
14.	Маја Илиевска	Ф42	М.Каменица	3,59	7,18	6,56	**844**
15.	Јулијана Ристеска	општа	Кичево	3,66	9,81	8,45	**764**
16.	Мара Ошавкоска	општа	Дебар	4,05	9,08	7,53	**754**
17.	Лилјана Димитриевска	Ф42	Тетово	2,95	5,87	4,97	**678**

Мажи

	Име и презиме	Класа	Мобилност	Ѓуле	Диск	Копје	Поени
1	Александар Талески	Ф46	Гевгелија	10,20	24,06	32,90	**1612**
2	Марјан Зафировски	Ф37	Скопје	8,57	25,96	21,43	**1519**
3	Митко Орданов	Ф44	Кавадарци	8,40	25,08	24,05	**1430**
4	Димче Алексовски	Ф46	Штип	8,94	22,68	25,51	**1388**
5	Имер Сефери	Ф44	Скопје	8,31	21,64	24,26	**1364**
6	Дејан Зафиров	Ф42	Штип	7,05	19,71	18,05	**1326**
7	Николчо Пеев	Ф37	Гевгелија	7,38	22,56	18,88	**1321**
8	Дејан Ѓорѓиевски	општа	Скопје	8,07	22,08	23,85	**1296**
9	Савре Бојковиќ	Ф44	Куманово	8,31	22,26	18,08	**1262**
10	Тихо Тошев	Ф42	Струмица	6,88	17,90	15,80	**1227**
11	Сашо Ристов	општа	Радовиш	7,06	17,89	23,88	**1156**
12	Горан Трајчев	Ф46	Кратово	8,58	18,50	16,36	**1141**
13	Иван Георгиев	Ф37	Штип	6,41	17,85	16,94	**1125**
14	Златко Биков	Ф37	Битола	6,40	16,76	15,01	**1063**
15	Зоран Ѓорѓиевски	Ф42	К.Паланка	6,00	14,99	13,76	**1056**
16	Ала Белкија	Ф44	Струга	6,29	16,65	17,81	**1027**
17	Антон Коцевски	Ф42	Велес	5,51	13,73	13,90	**995**
18	Ѓорѓи Рисафов	општа	Штип	5,92	15,62	15,42	**906**
19	Буран Бала	Ф42	Кавадарци	5,10	12,55	11,22	**884**
20	Драги Стефановски	Ф44	Кратово	5,64	12,97	13,10	**832**
21	Марко Лазаров	Ф42	Гевгелија	4,80	10,58	11,80	**830**
22	Митко Сотироски	Ф46	Охрид	7,85	17,00	0,00	**804**
23	Бобан Јордановски	Ф37	Кичево	4,30	13,65	11,38	**787**

Мора да истакнеме дека одредени спортисти во некои дисциплини не успеаја да постигнат резултати над пропишаните минимум норми, а некои и во повеќе од една дисциплина и тоа: Зоран Ѓорѓиевски, Нурие Фаризи и Маја Илиевска (во сите три дисциплини), Аџерка Зеленоска, Лилјана Димитриевска, Мара Ошавковска, Ала Белкија, Антон Коцевски, Ѓорѓи Рисафов, Драги Стефановски, Марко Лазаров, Буран Бала и Бобан Јордановски (во две дисциплини).

Истиот ден, во 17,30 часот на стрелиштето „Бејбунар“ во Охрид се одржаа и натпреварите во стрелаштво во категориите: воздушен пиштол (микс) 60 истрели, воздушна пушка (СХ1-жени) 40 истрели, воздушна пушка (СХ1-мажи) 40 истрели, воздушна пушка (СХ2-микс) 40 истрели. Под раководство на главниот судија, Валентина Гоџоска од Охрид, натпреварите поминаа во исклучително фер и коректна атмосфера. За одбележување е резултатот кој го постигна Оливера Наковска-Бикова во категоријата воздушен пиштол жени од 388 кругови. Тоа е резултат повисок за 9 кругови од моменталниот светски рекорд кај инвалидите и само 5 кругови послаб од светскоит рекорд во конкуренција на здравите, или пластично кажано тоа е резултат со кој се победува скоро на секој Светски куп за „здрави“. Браво Оливера, нетрпеливо очекуваме ваков или сличен резултат на некој од Светските купови за да може да се прогласи официјално за светски рекорд.

На натпреварот беа постигнати следните резултати и пласмани:

Воздушен пиштол микс – СХ1

	Име и презиме	Град	1	2	3	4	5	6	Збир
1.	Оливера Н.-Бикова	Битола	96	94	99	99	94	93	**575**
			Оливера Н.-Бикова 40 истрели						**388**
2.	Ванчо Каранфилов	Скопје	91	91	96	95	94	92	**559**
3.	Тони Митровски	Скопје	94	88	88	92	87	92	**541**
4.	Бранимир Јовановски	Куманово	83	92	89	87	86	87	**524**
5.	Златко Биков	Битола	78	92	83	88	85	84	**510**

Воздушна пушка мажи – СХ1

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	Збир
1.	Новча Тодоровски	Куманово	88	81	88	87	**344**
2.	Васко Стефановски	Битола	82	82	86	78	**328**
3.	Бранимир Јовановски	Куманово	81	82	79	82	**324**
4.	Зоран Јовановски	Струмица	75	78	80	78	**311**
5.	Тони Митровски	Скопје	83	71	75	73	**302**
6.	Имер Сефери	Скопје	69	73	79	75	**296**
7.	Ванчо Каранфилов	Скопје	65	68	78	75	**286**
8.	Николче Станојовски	Битола	69	72	71	70	**282**
9.	Тихо Тошев	Струмица	64	72	71	68	**275**
10.	Буран Бала	Дебар	65	76	59	48	**248**
11.	Илчо Кангов	Гевгелија	56	52	63	66	**237**
12.	Златко Арсовски	Делчево					**147**

Воздушна пушка жени – СХ1

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	Збир
1.	Елизабета Тодоровска	Куманово	80	69	82	76	**307**
2.	Олга Ристовска	Скопје	60	66	60	60	**246**
3.	Мара Ошавковска	Дебар	46	36	42	46	**170**
4.	Нуријe Фаризи	Струмица	27	41	33	58	**159**

Воздушна пушка микс – CX2

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	Збир
1.	Дејан Танески	Охрид	91	92	92	90	**365**
2.	Оливера Наковска-Бикова	Битола	85	88	87	82	**342**
3.	Александар Талески	Гевгелија	82	84	81	90	**337**
4.	Никола Ѓуровски	Битолаw	75	80	85	78	**318**

И во стрелаштвото неколку спортисти не ги исполнија минимум пропишаните норми и тоа: Мара Ошавковска од Дебар, Нурие Фаризи од Струмица и Здравко Арсовски од Делчево.

Неисполнувањето на нормите од одредени натпреварувачи во атлетски повеќебој и во стрелаштво ќе биде предмет на анализа на Стручната комисија и истата ќе се произнесе со дополнително соопштение како да се поправи состојбата. Можни се две решенија: да се намалат ионака ниските минимум квалификациски норми или да се поттикне тренажниот процес во здруженијата а паралелно да се почитуваат санкциите за неисполнување на нормите.

Вториот натпреварувачки ден беа спроведени натпреварите во пинг понг во сите категории. Во спортската сала „Нико Нестор„ во Струга на три маси за пласман разигруваа натпреварувачите: мажи и жени – микс 3-5, мажи 6-8, мажи 9-10 и жени 6-10.

Натпреварите во сите спортови поминаа во исклучително фер и коректна борба и беа постигнати следните резултати:

Мажи и жени седење (микс)		
1.	Трајче Стојановски	Скопје
2.	Ристо Фотевски	Скопје
3.	Нуриј Фаризи	Струмица
4.	Муштеба Амети	Охрид
5.	Зоран Јовановски	Струмица
6.	Илчо Кангов	Гевгелија
7.	Игор Димитриев	Скопје
8.	Живка Мицова	Виница

Мажи класи 6-8		
1.	Рубинчо Ристески	Прилеп
2.	Марјан Зафировски	Скопје
3.	Томи Јаневски	Скопје
4.	Васко Стефановски	Битола
5.	Тони Митровски	Скопје
6.	Антон Коцевски	Велес
7.	Николчо Делов	Кавадарци
8.	Златко Биков	Битола
9.	Ѓоко Костов	
Мажи класи 9-10		
1.	Страшко Коцевски	Куманово
2.	Небојша Ташиќ	Куманово
3.	Дејан Ѓорѓиевски	Скопје
4.	Дејан Алексовски	Скопје
5.	Александар Димоски	Прилеп
6.	Митко Сотироски	Охрид
Жени класи 6-10		
1.	Олга Ристовска	Скопје
2.	Лилјана Мицовска	Кочани
3.	Магдалена Делова	Кавадарци

Спортистите во трите спортови кои директно се квалификувани за следните дваесет и четврти спортски игри во табелите се обележени со болдирани (затемнети) букви.

Завршната вечер беше исполнета со ведро расположение на учесниците, а истата започна со прогласување на резултатите и доделување на медали за постигнатите успеси од страна на генералните секретари на Мобилносгт Македонија Софче Прчева и на НФСРИМ-МПК Драган Дојчиноски. На крај од официјалниот дел, претседателот на Мобилност Македонија ги прогласи игрите за затворени со очекување на следните 24-ти по ред спортски игри да бидат постигнати повисоки резултати и да земат учество поголем број на млади спортисти.

Б. Јовановски

НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

По кој пат оваа година се одржуваат Републичките спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Мобилност Македонија?

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи: XXIII–ти по ред.

Иако поставеното прашање е релативно многу лесно, на адреса на Мобилност Македонија пристигнаа 45 писма со точен одговор, од кои 28 се пратени од Велес, 14 од Скопје, 2 од Кочани и 1 писмо од Радовиш. Тоа всушност ја потврдува досегашната пракса дека Велешани се најзаинтересирани за учество во наградната игра. И со право тие до сега се најчестите корисници на наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил" во Банско Струмица со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникт „Феникс 86", среќниот добитник го извлеќе главниот уредник на весникот д-р Нико Јанков.

Среќа и точен одговор имаше Томислав Попов од Скопје.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

Оваа година Музичките средби на лицата со телесен инвалидитет ќе се одржат на 01.10.2011 г. во Банско Струмица под покровителство на министерството за култура. Кои по ред се овие Музички средби?

Иако сметаме дека и одговорот на ова прашање не е тежок, малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека се работи за една од најстарите манифестации во организација на Мобилност Македонија, истовремено најатрактивна, најпосетена и омилена меѓу членовите. Во минатиот број на весникот „Феникс 86" имаше објавено конкурс за учество на овогодишните Музички средби. Ова е и потсетување и охрабрување до членовите да учествуваат на конкурсот и да го запазат рокот за пријавување 15.08.2001г.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса Мобилност Македонија на ул. „11 Октомври" 42-а Скопје, со назнака за наградната игра, најдоцна до 15 октомври 2011 година.

Право на учество имаат само редовните членови на Мобилност Македонија. Наградата е непренослива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.



Донатор на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил" во Банско Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на Мобилност Македонија на телефон бр. 3211-280.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во бањата Банско во Струмица.

С. П.

ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА

Си читам така јас литература и си замислувам дека дошло писмо од читател. Читател со многу прашања, а јас не можам да стигнам да одговорам. Уште ги читам прашањата, а доаѓа телеграма дека многу сум доцнел со одговорите. Се потам, пишувам, се трудам. Доаѓа e-mail – „Еден збор не кажуваш!“. Најпосле звони телефонот, се јавува читателот и ми вели дека умрел од чекање за одговор. Јас зинав да одговорам, а тој прекина. Се будам од попладневната дремка и си велам дека морам нешто да одговорам. Ама што кога немам прашање. Тогаш замислувам дека добивам хипотетично прашање и дека ќе дадам хипотетичен одговор. Си велам дека одговори има многу, па макар и да нема право прашање, односно прашањето е хипотетично. Пак си велам или медицината и се што е поврзано со неа станала здодевна, или сите се хипнотизирани. Тогаш можеби ќе треба психотерапија и тоа колективна. На нашата последна средба кога темата беше музиката, сите беа релаксирани. Медијаторите Катја и Сашо со своето впечатливо излагање ги импресионираа присутните. Тоа беше терапија низ музика, методика на музичката терапија или наречете ја како милувате. Но тоа дава ефект. Можеби ќе ве оттргне од зачмаеноста, ќе ги разбуди вашите сетила и ќе пропулсира една нова надеж низ музика, со музика, за музика. Затоа одиме кон нови предизвици со Сашо, а тоа е

МУЗИЧКА ТЕРАПИЈА КАЈ ЛИЦАТА СО ФИЗИЧКИ ИНВАЛИДИТЕТ

Музичката терапија е успешна како терапевтска интервенција за лицата со физички инвалидитет. Користена е на лица од сите возрасти, од претшколска возраст до подоцнежна возраст и со многу видови на инвалидитет – од раѓање или стекнат во текот на животот. Музичката терапија може да одигра важна улога во развојот, одржувањето и повторното враќање на физичкото функционирање.

Бидејќи музиката дава сила, таа може да се искористи за мотивирање на движења или структурни вежби кои се препишани при физикалната рехабилитација. Вклучувањето на музиката, може да овозможи оттргнување на вниманието од нелагодноста на болката и нервозата, која е често поврзана со некои физички инвалидитети. Искуствата со музиката презентирани во сесиите на музичка терапија, можат да бидат ефективни во постигнувањето на многу физички, емоционални и социјални цели релевантни за потребите, способностите и преференциите на поединците.

Техниките на музичката терапија се користени за развој и одржување на заедничка мускулна функција или да се зголеми фината и грубата моторна координација и контрола, да се зголеми мускулната сила, да се зголеми опсегот на движење, да се подобри кардиопулмоналното и респираторно функционирање, да се подобрат вербално – моторните вештини, да се олесни релаксацијата и контролираното движење, како и да се обезбеди простор за емоционално самоизразување и можности за социјална интеракција.

Сесиите на музичката терапија во себе ги содржат различните музички медиуми за да ги постигнат индивидуалните цели на третманот. Преку движењето со музиката и танцувањето, движењата можат да станат повеќе контролирани, поврзани и одлучни. Во позадина можат да се користи снимена или жива му-

зика. Живата музика нуди зголемена флексибилност и прилагодливост која се поклопува и ги води физичките движења изведени од клиентот.

Музичките инструменти, можат да се искористат за да влијаат врз опсегот на движење, силата на стисокот со рака и невербалното самоизразување. Овие инструменти се често прилагодени да одговараат на специфичните физички способности на секој клиент.

Користењето на компјутерска и електронска музичка опрема исто така им дозволува на клиентите со тежок физички инвалидитет да го постигнат нивниот целосен креативен потенцијал.

Чинот на пеење може да им помогне во одржувањето и подобрувањето на вербалните моторни вештини и белодробното функционирање. Пеењето обезбедува можности да се подобри контролата на дишење, темпото на говор, вештините на артикулација и изговор.

Кај некои клиенти, слушањето на музика може да им помогне при релаксацијата. Дискутирањето за текстот и пишувањето на песната обезбедува можност за разговор и споделување на личните чувства и искуства. Музичката терапија може да го зголеми индивидуалното ниво на независност и да ги збогати чувствата на самодоверба, самовреднување и самопочитување. Преку учество во успешни и пријатни искуства, музичката терапија може да им помогне на овие индивидуи да го достигнат нивниот целосен потенцијал.

За лица со физички инвалидитет, музичката терапија може да:

- **Помогне при релаксација**

Релаксацијата е важна компонента во постигнувањето на зголемен опсег на движење и флексибилност. Таа е исто така важна кога се работи со лица кои имаат спастицитет. Смирувачката музика овозможува да се збогати ЕМГ- биофидбек на релаксирачкиот тренинг во споредба со ЕМГ - биофидбек на релаксирачкиот тренинг насамо кај индивидуите со спастична церебрална парализа. Музичките искуства кои промовираат релаксација вклучуваат внимателно избрана музика, инструментална импровизација и музичко потпомогнати вежби за релаксација. Импровизираната музика може да се сложува и да ги води физиолошките одговори (т.е. респираторниот ритам, пулмонарните ритмови), кон постигнување на порелаксирана состојба. Иако повеќето луѓе смирувачката музика ја сметаат за ефективна при постигнувањето на релаксирана состојба, тоа не мора да биде точно во сите случаи. Музичкиот терапевт е способен да ги препознае и набљудува ефектите од презентираната музика врз поединецот и да ја прилагоди музиката за да се увери дека се постигнати замислените резултати.

- **Подобри моторната координација**

Моторната координација може да биде подобрена преку многу музички искуства. Користењето на одбраните инструменти може да го подобри опсегот на движење како и прецизните така и едноставните моторни вештини преку стратегиско поставување на инструментите околу индивидуата или со користење на инструменти кои бараат активирање на конкретни мускулни групи или делови од телото. Координацијата око – рака, исто така може да биде подобрена преку користењето на инструменти кои бараат зго-

лемена прецизност во физичкото движење. Користењето на аудио-ритамските стимуланси покажало дека ја зголемува независноста, па дури и контролата на движењата кај поединците со нерамномерни или аритмички типови на движење и да ја олесни привременатa и квантитативната мускулна контрола кај децата со значајна моторна дисфункција.

- **Зголемување на мотивацијата за физичко вежбање**

Користењето на музичка терапија обезбедува позитивна и пријатна атмосфера за лица со физички хендикеп, да искусат успех. Внимателно избрана музика во позадина може да го збогати редовното физичко вежбање. Преку обезбедување на жива музика во позадина, се одржува прилагодливост и флексибилност за музичкиот терапевт да може полесно да го прилагоди индивидуалното движење со темпото, стилот и ритамот. Музиката помага да се обезбеди оттргнување на вниманието и оттргнување од вежбите кои можеби за личноста се потешки, обезбедува мотивација за да се одржи учеството и го прави редовното рутинско вежбање да изгледа полесно.

- **Поттикнува независност, самодоверба и самопочитување**

Како што се подобруваат физичките способности, така личностите имаат зголемени можности да практикуваат и стекнуваат нови вештини и способности, така независноста се поттикнува, а самодовербата и самопочитувањето се збогатуваат. Преку интервенции со музичка терапија може да се развиваат позитивно самоперцепирање и концепт за себе, а активностите на музичката терапија можат да се прилагодат според индивидуалните потреби и способности. Тоа може да вклучи прилагодување на инстру-

менти или песни за тие да бидат попристапни и да се осигури дека музичкото искуство ќе биде успешно додека продолжува да обезбедува предизвици за поединецот. Музичката терапија може да им помогне на овие индивидуи да развијат позитивни ставови кон нивниот хендикеп и да обезбеди можности за личен раст и развој.

- **Развива функционален говор и комуникациски способности**

Пеењето и говорот имаат многу заеднички работи. Користењето на звучни вежби при пеење може да ги збогати оралните моторни вештини како артикулацијата, контролата на дишењето и звучниот интензитет. Преку подесување на темпото и ритамот, може да се збогати јасноста на говорот, а темпото на говор може да се измени за да обезбеди зголемени комуникациски способности за поединецот. Ритмичкиот тренинг исто така се има покажано дека е ефективен во третманот на афазија – загуба на способноста за говор. Мелодичната интонациска терапија ја вклучува испеаната интонација од потврдните реченици на таков начин што интонираниот тон е сличен со природниот прозодичен тон на реченица која се изговара. Оваа техника се има покажано дека е ефективна во подобрувањето на говорното ниво на исполнување, должината на реченицата, вештините на артикулирање и разбирливоста за јазично задоцнети апраксични деца, а исто така е ефективен третман за некои луѓе со тешка афазија. Музиката исто така е ефективна како стимуланс кој поттикнува спонтан говор кај децата со физички хендикеп и во промовирањето на невербалната комуникација преку апстрактни симболи или знаковен јазик.

- **Мотивира интеракција со другите**

Лицата со физички инвалидитет можат да се соочат со намалени можности и мотивација за социјална интеракција. Музичката терапија може да обезбеди можности за интеракција со слични лица преку споделено искуство. Групните сесии обезбедуваат можности да се развие врска помеѓу слични лица, да се развијат вештини на социјална интеракција и да се обезбедат можности за соработка и работење заедно како група кон заедничка цел. Сесиите на групна музичка терапија исто така обезбедуваат можност за споделување на личните искуства со други и да обезбедат можност за соодветно самоизразување.

Прим. Д-р Нико Јанков

Интервју со

САШО КОЧАНКОВСКИ

САШО КОЧАНКОВСКИ

Со Сашо се знаеме повеќе од триесет години. Работиме заедно, а последните дваесет и пет години во Комисијата за категоризација, но и во нашето Здружение. Како вонреден член е извонредно активен и присутен на сите наши активности. Секогаш има што да каже на право место и во право време. Неговото искуство особено во корпусот на човековите права е огромно. Етаблиран е во комисиите и телата на европските и светски асоцијации за човекови права. Покрај учество во сите наши активности, беше и активен член во Одборот за управување со проектот на нашето здружение поддржан од Комисијата на Европската Унија. Истиот беше на тема: Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, која се оствари во текот на 2010 година.

Неговиот опус на трудови е импресивен и наближува троцифрена бројка. Има издадено повеќе од дваесет книги и публикации. Основач и претседател на Центарот за човекови права АМОС од Битола. Има статус на експерт од областа на човековите права и применетата психологија и гешталт терапевт од највисока категорија. Ние имаме чест и задоволство да биде со нас и соработува на сите средби. Од првата средба која ја реализира со негова помош МОБИЛНОСТ БИТОЛА (тогашно МЗТИЛ), до сегашната средба 20 години постоење и делување на КУД Феникс при МОБИЛНОСТ БИТОЛА. Сега љубезно прифати да биде интервјуиран.

Кои се вашите планови и размислувања?

– Па вие знаете скоро се. Во тек е непосредно бранење на докторската дисертација која е специфична во психологијата. Моите ангажмани во доменот на човековите права се разновидни; од права на децата, хендикепираните, ранливите групи и тн. Има многу да се научи при многубројните средби од практикувањето на оваа проблематика во развиените западни демократии.

Како ја оценувате соработката со МОБИЛНОСТ БИТОЛА?

– Мислам дека нашето дружење е од самите почетоци на постоењето на Здружението и дека остваруваме богата и плодотворна соработка. Веќе на првата тематска средба која ги третираше психолошките проблеми, а и подоцна во другите средби, ме интригира и ми дава инспирација за навлегување и решавање на проблемите (мислам психолошки) на лицата со инвалидност. Во овој домен, моите размислувања одат и во насока на остварување на соработка во доменот на истражувачката дејност.

Што мислите за работа на проекти?

– Таа е многу важна, да не речам во денешно време и најважна работа. Во светот практично активностите се канализираат низ проекти и точно се знае кој, колку, кога и што треба да направи. Вие имате еден тим кој одлично функционира. Рекламите, веб-страната, плакатите, летоците, како и лобирањето се работи кои се практикуваат низ Европа и светот. Треба перманентно да се конкурира и работи на пополнување на апликации и припремување на проектна документација. Вие имате шанси и богат дијапазон на активности кои можат да се вклопат во многу понудени проекти од разни страни.

Што би им порачале на нашите членови?

– Да се дружат и да ги искажуваат своите потреби. Порано имаше иницијативи да се отвори катче за психолошките проблеми каде би се давале адекватни одговори на поставените прашања или писма. Во досегашните написи во Феникс 86 гледам дека нема многу расположение за прашања. Препорачувам на сите членови на МОБИЛНОСТ Македонија максимално да го користат нивното гласило и да ги искористат сите шанси кои можат да одговорат на некакви нивни потреби. Јас искрено се надевам дека во догледно време тоа ќе се подобри и ќе имаме подобра и поплодотворна комуникација.

Прим. д-р ***Нико Јанков***

ВО ДЕДИНО КАЈ ВАЦА

Да го напишам и објавам овој текст ме поттикнаа две нешта. Првото, бизарноста на повредата и трагедијата на едно мало детенце што довела до тежок телесен инвалидитет, губејќи ги обете шаки и долната половина на двете подлактици и второ, неверојатната вештина при користењето на горните екстремитети стекната од најраното детство. Со оглед на бизарноста и карактерот на повредата, и имајќи го предвид тогашното ниво и квалитетот на здравствената заштита во тоа време и во тој дел од нашата земја, може да претпоставуваме сè што доживеало и преживеало и голготата низ која поминало тоа детенце. За спретноста при користењето на горните екстремитети, често пати користејќи ги и забите и прстите на стопалата се уверивме при неодамнешната посета во нејзиниот дом во с. Дедино, десетина километри оддалечено од Радовиш, а кое административно припаѓа во општината Конче. За тоа дали овој текст е краток расказ или репортажа, или кратко и сувопарно прераскажување на разговорот што го водевме со нашата соговорничка, или нашето познато клише од нашиот весник, "ви претставуваме наш член", нека пресудат читателите.

На првиот календарски ден од ова лето господово, во утринските часови автомобилот бревташе по угорничавиот излокан асфалтен пат кон селото Дедино. Со мојот сопатник по претходен договор се упатувавме кон нашата соговорничка, Василка Илиева, попозната кај мештаните, како Ваца, жената без две раце. На една мала висорамнина, на давата брега на еден поток, распослани куќички, неправилно распоредени, нешто стари, повеќето ново бело варосани со

Фото. Б. Јованов

по некоја тераса, во дворовите по некој трактор, автомобил, запрежна кола, домашни животни... Сонцето беше високо отскокнато, некое едвај забележително ветре дувкаше, па можеше да се дише. На патот што минуваше низ средината на селото не пречекаа босоноги дечиња опалени од сонцето, со мургави како маслинки очи. Го следеа автомобилот трчкарејќи по него со голема врева, едни имитирајќи ја сирената, други кучешкото лаење, со ококоравени очи. Љубопитните и дрдорливи жени ни ја посочија куќата на нашата соговорничка. По кривулестото селско сокаче некако дојдовме до посакуваната дестинација. Влеговме во селски двор, со стара куќарка во која живее нашата соговорничка. Во дворот има и амбар кој што негогаш служел за складирање и чување на житарица, само што не се распаднал, а кој сега служи за место каде се оставени разни предмети кои веќе не се во употреба, а каде доминантно место завземаше дрвениот расклатен разбој за ткаење. Нежното ветерче скришно си поигруваше и ги задеваше овошките со кои беа натоварени двете дрвца така што се нишаа и крцкаа. Од соседството се слушаше лаеж на кучиња, кукурикање на петли и јарешко врескање.

Не пречека босонога ковчеста стара жена, со ветви износени алишта, со збрчкано лице со по нека лузна, рошаво и бенкичаво, со вклопени образи, цврста долна вилица и подадени јаболчници. Праменот коса што се подаваше од излитената шамија беше сив. Со дробните и тркалести очи ме загледуваше лукаво и строго, како да фрлаа искри, како со вага ги мереше зборовите, ме гледаше непрестано и упорно, небаре сакаше да проникне во мене. Бев за момент нерешителен, незнаев од каде да почнам. Пред мене се наоѓаше едно живо срце, една чиста и голема душа, која сеуште не е одвоена од мајката земја.

И почна...

Во јуни триесетите години од минатиот век во сиромашното семејство на Ристо и Паца се родиле близнаци, со нив вкупно шест деца. Родителите далдисани по прибирањето на летнината ја оставиле едната сестричка да ги чува близначињата. Малолетната и нејака сестричка не можела да ги одбрани доенчињата од изгладнетата и разјарена свиња, која влегла во одајата и го нападнала детенцето што лежело на подот, така што тоа останало без дланките, рачните злобови и половината подлактици на двете раце! Другото детенце братчето, го спасила дрвената лулка, поставена повисоко. Следи долг и макотрпен период на заздравување на рачињата.

Четвртото одделение го завршува во родното село. Понекогаш маалските деца не сакале да ја вклучуваат во детските игри, и тоа многу тешко ја погодувало. Се случувало со часови да помине плачејќи, оплакувајќи ја својата судбина. Утеха наоѓала кај својата мајка која ја подучувала во тајните на водењето на женското домаќинство на село. Најверојатно покажувањето со прст кон неа, од страна на некои мештани, игнорирањето, понижувањето, потсмевот, длабоко ја повредувале и ја исфрустрирале невината детска и младешка душа, наспроти милосрдието, утешителните зборови и сожалувањето. Започнатото понатамошно школување во градот го прекинува поради немаштија.

Ваца израснала во лична девојка. Понекогаш во моменти на очај, среде такви отровни денови знаела да ја проколнува својата судбина, и да вели, проклета да е таа личотија кога немам раце. По некоја година се родила љубов помеѓу неа и соседот Никола. Љубовта ја крунисале со брак. Му родила три здрави деца, две женски и едно машко. Сите три ги породила во домашни услови, ги одгледувала и подигнувала речиси сама. Доењето, капењето, пресоблекувањето, повивањето го вршела речиси сама и го правела со огромно задоволство. Нејзините деца служеле за пример,

особено по облеката што ја носеле, која самата таа ја изработувала. Надолго се говорело за случајот со плетената блуза на едно од нејзините деца и учителката. Воодушевена од квалитетот на плетењето учителката лично отишла да се увери кај мајката на детето и била вчудовидена кога видела како жена со таков телесен недостаток го прави тоа.

Дечињата им биле здрави. Немале тегоби и клинови да ги боцкаат, ни мешето ги вртело од глисти ни далак да ги фати. Сипаниците денеска ако излегле, што се вели, утре поминувале. Во моментите кога се разболувале, кога ги прележувале детските болести, имало ноќи кога се борела со сонот и уморот. Гледајќи низ матните стакла и синозелената светлина го гледала спојувањето на дождот и калливата земја, студенилото и снежните врнежи, разденувањето. Истовремено го слушала забрзаното дишење на чедото со висока температура, го мачкала со алкохол, ставала облози. Понегогаш имало долги зимски ноќи кога не лаел ниеден пес, не пеела ниедна ноќна птица, кога владеела длабока тишина, кога го чувствувала струењето на сопствената крв, што се собирала во слепоочниците и вратните жили.

Покрај домашните работи, перење, плетење, шиење, работење со дрвен разбој за ткаење, месење и печење леб во домашна фурна, молзење млеко, ги вршела и земјоделските работи на поле. Единствено што не можела да сработи било жнеењето со срп.

Станала домаќинка, ги израснале децата, ги ожениле и омажиле, имаат внуци. Но, што да кажам, вели таа, имаше грижи и бигори, маж, деца, тежини. Жив пекол, понекогаш, вели таа. Што ќе јадеме, што ќе облечеме, што ќе стане со нас. Понекогаш ти доаѓа да си пукнеш од јад, зошто наеднаш сфаќаш дека досегашниот живот бил ништожен, беден и недостоен за човека.

И продолжува... Многу радости ни нуди овој свет, но сигурна сум дека нема таква радост, што може да го трогне човечкото срце и да го опсипе со такво блаженство и милост, како радоста при раѓањето на моите деца, нивната мажувачка, женувачка. Ги благословуваше своите деца, да станат добри луѓе, добри домаќини, да им се изродат дечиња, да им се роди внучка што ќе личи на неа, ама да има раце!

Долго гледав во нејзините раце. Размислував сè што поминало преку нив, во нејзиниот живот. Им се заблагодарив за одвоеното време, мајчински ја прегрнав и си заминавме. Сонцето жестоко пржеше, ги немаше вревливите и палави деца, дрдорливите жени. Го немаше лаежот на селските кучиња, рикањето на говедата, врескањето на јарињата. Воздухот беше топол и тежок за дишење. Селото беше потонато во летна омарина. Заминавме со гордост и полни срца што се сретнавме и разговаравме со голема душа и човек, но истовремено и со надеж дека за една година на нејзиниот роденден ќе ја посетиме.

Животот на секој човек е една патека со угорнини и удолнини, затоа умните луѓе употребуваат кочници.

Кога сме среќни ние не сме свесни за тоа. Дури кога ќе не напушти среќата, погледнуваме назад и оддеднаш забележуваме, често и изненедени, дека сме биле среќни.

д-р Славчо Илиев

Проф. д-р Миле Д. Миќуновиќ

ЉУБОВ

Рекреативна функција на полот

Половата љубов, како општествена појава и како индивидуално доживување, има свој развој. Сите стари религии имаат свои божици на плодноста. Меѓутоа, во сите митологии отсуствува божица на љубовта како психичко доживување. Тоа го покажува бавното и постепеното очовечување на сексуалноста: првостепено половата дејност има значење само за репродукција на луѓето, за создавање на поколение и многу подоцна се претвора во човечко емоционално доживување, во средство за емоционална врска помеѓу луѓето.

Во општествениот живот љубовта се јавува доцна – во робовладителското уредување. Во стариот Египет и во Индија, во античка Грција и во Рим за првпат во културната историја на човештвото се создаваат услови за личен избор на половиот партнер. Можеби за првпат за љубовта се зборува во легендите за Праджапати. Во старите индиски *Веди*, главно во *Упанишад* (VII – VI в. пр. н.е.) се раскажува како прародителот на човештвото Праджапат самотен тагувал и почувствувал силен копнеж, љубов – *кама*. Посакал да се размножува и создал свет кога се разделил на две половини – машка и женска. Слично се јавува и кај кинеската доктрина: првичниот хаос бил прекратен од антагонизмот помеѓу две начела – *Јан*, светло начело, машка сила, татко, единство, совршенство и потврденост, и *Ин*, темното начело, женската сила, мајката, двојноста, несовршенството, негативното.

Љубовта е пронајдок на човекот. Индивидуалните претпочитувања кон половиот партнер се остварува и кај групниот брак, но одвај се применувало. Во класовото општество и во индивидуалниот брак се создадоа можности за личен избор и *естетизација* и *етизација на сексуалното општење,* за подлабока интимна и морална поврзаност на двојките.

Љубовта е *ново знаење* за животот. Адам од библиската легенда (V – II в. пр. н. е.) искушан од Ева, го изедува јаболкото на познанието. Адам и Ева, запознавајќи ја љубовта, го губат рајот. Човекот познавањето на љубовта го плаќа со загуба на слободата на половото општење со индивидуалниот брак.

Љубовта како многу силна психичка сила се истакнува и во старогрчката митологија. Хезиод (VIII – VII в. пр. н. е.) раскажува дека во почетокот егзистирал само бескрајниот Хаос. Од неа изникнал широкоградата Геа (земја) и мрачниот Тартар (подземното царство), а меѓу нив најубавиот од сите богови – Ерос, моќната сила на љубовта, што владее насекаде и ги врзува сите. На Ерос му се потчинети и боговите и смртниците.

Со разгледувањето на старите легенди, се забележува постепено очовечување на половиот инстинкт, неговиот развој од полов порив за размножување кон сложено психичко и социјално чувство. Финекиската Астарта се претвора во старогрчка Афродита – првобитно божица на небото, а подоцна на љубовта и љубовниот шарм, на женската убавина. Во друштвото на Афродита, освен Ерос, се вклучени и Антерос (заемна љубов), Потос (љубовниот копнеж) и Хименеј (богот на семејството). Подоцна со грчката Афродита се идентификува римската Венера, а со Ерос – Амур (лат. Амор – љубов, бог на љубовта. Од а – не, без + лат. морс – смрт = бесмртен) и Купидон.

Во основа, во половата дејност лежи елементарниот полов инстинкт, стремежот да се оствари половиот однос – *сексуалноста* (*половоста*). Со развојот на човечката култура, половоста претрпува еволуција – таа се очовечува и се претвора во специфично човечко пријатно чувство, расположение и самочувство. Биолошката сексуалност се хуманизира, се естетизира и етизира. Животинската сексуалност се претвора во човечка ***еротика*** со карактеристични бранувања, чувства и желби. Кога еротиката ќе се насочи кон определено конкретно лице, кога ќе се обогати и ќе се врзе со чувство на приврзаност, на психичка блискост и родство, на човечка симпатија, тогаш преминува во едно од најбогатите, силни и убави човечки уживања, во една од главните двигатели на човечкиот живот и извор на радост и среќа – ***љубовта***.

Сл. 1. Михаил Кокси (1499–1522), „Прародителски грв“, Масло на штица, 242 x 86 см

Уште старите Грци правеле разлика помеѓу половата љубов (ерос) и обичната (агапе) што се доживува со приврзаност кон друг човек независно од неговиот пол, возраст, родство и друго. Всушност, самото чувство на љубов може да има различна содржина во зависност од односот кон симпатијата (Шибутани, 1969). Љубовта е *еѓоистична, сопствена* кога другиот е ценет поради ползата што ја носи. Љубовта кон него е резултат од лична заинтересираност, опстојуваат лични интереси и љубовта се претвора во сопственост. Тука емоционалното уживање произлегува од чувството на *сопственост*, на *добивање*, на *имање*.

Но љубовта може да биде и *не од корист*. Во тој случај љубениот однос добива повисока ценетост независно од интересите. Тука основна цел е благосостојбата на љубовта поради самата неа, заради нејзината среќа. Се заштитуваат интересите на љубеното суштество, се радува кога љубениот е задоволен и тагува кога тој страда. При опасност го заштитува до саможртвување. Отсуствува љубомората, љубениот е слободен. Емоционалното уживање произлегува од чувството дека е *корисен*, дека *дава*, дека *се дава*.

Половата љубов може да се комбинира, како со сопственичката, така и со бескористната љубов, со различни степени на љубовното доживување зависно од воспитувањето и од општата култура. Важно е дека не треба половата љубов да се противставува на љубовта зашто нема полова љубов без љубов (во таков случај би се свела на еротика и сексуалност), како што нема ниту полова љубов без сексуалност. Половата љубов е неделива севкупност од тие два елемента. Таа е биоемоционална и биосоцијална појава.

Прокреативната полова дејност е општествено значајна. Родот, племето, нацијата, за да опстане, репродуцира поколение. За таа цел се создава семејството како репродуктивен колектив со закон за брак. Рекреативната полова дејност, половата љубов, е лично доживување што го бранува општеството само кога ги нарушува неговите норми и му ги загрозува интересите. Во класното патријархално општество, кога веќе може да се зборува за индивидуална полова љубов, рекреативната полова дејност е двојно потчинета: на општествените потреби иинтереси, а женската полова љубов – на волјата и желбата на мажот.

Во некогашното наше семејство бракот ретко бил склучен како резултат на заемно сакање и избор. Тој бил дело на родот, на желбата на родителите. Бракот бил „темна темница“ со затворени младешки мечти и планови.

Во робовладетелската епоха жената живее како робинка на својот маж. Се грижи за домаќинството, одгледува деца, но нема право да ги воспитува. Мажот е нејзин господар, може

Сл. 2. Франческо Хајез, „Бакнеж", Милано, Пинакотека ди Брера

дури и да ја продаде. Во феудализмот односите се како меѓу господар и слуга. Во семејството мажот е господар, а жената покорна слугинка. Буржоаскиот брак е обусловен од класната положба на сопружниците. Тоа е брак од сметка. Од робинка и слугинка жената се претвора во стока. Значи, љубовта не била сопружничка. Напротив, таа љубов била насочена кон нарушување на сопружничката верност. Бракот и семејството, како општествена институција за раѓање и одгледување на поколението, ретко имало нешто општо со индивидуалните чувства, со желбите на партнерите, со нивната индивидуална полова љубов. Ете зошто бракот и љубовта опстојуваат одделно и независно еден од друг. Често тоа било причина за драматични конфликти, постојан неисцрпен извор за теми за уметнички дела.

Сега човештвото направи голем пресврт во сите области на социјалниот живот. Се сменија временските односи меѓу мажот и жената, меѓу сопружниците, меѓу родителите и децата. Тоа се одразува и меѓу половиот и семејниот живот. Ослободувањето и рамноправноста на жената, нејзиното масовно навлегување во производството, културата, науката и општествениот живот, поопштествувањето одгледувањето на децата, на грижата за болните и старите, на животните услуги и др., сето тоа создава услови за формирање на нов тип општествено семејство што се карактеризира со рамноправни односи помеѓу сопружниците и градење на брачен сојуз врз основа на емоционална, љубовна приврзаност меѓу нив.

Современото семејство, сепак, преживува низа стресови и кризи зашто сè уште не е потполно напуштено семејството од претходниот период, а новото не е целосно изградено, новата социјално-економска база сè уште се создава и новите сознанија тешко се формираат.

Љубовта е сложено човечко чувство што се раѓа во определени услови, се развива и се гаси, ако нема кој да го потхранува. Животот покажува дека љубовта е доживување што треба да се култивира. Не секое полово привлекување, дури и кога е бурно и страсно, се претвора во трајна љубов.

Младите, најчесто, градат идеализиран лик, плод на младешки мечти и неискуство што, за жал, ретко одговара на реалноста. Кога опијанетоста ќе опадне и ќе се воспостави критичност, илузиите брзо почнуваат да се топат. Тогаш настапува разочарување и конфликт, чувствата заладуваат и вљубените се отуѓуваат. Таква љубов може да се нарече „инфатилна". Таа е толку понереална колку што е побурна и страсна и колку повеќе пречки сретнува при остварувањето.

Со векови економската зависност била здрава и сигурна спојка помеѓу сопружниците. Мажот работел и ја издржувал жената, а таа гледала деца, го гледала домот и имотот. Еден бездруг тие не можеле. Колективниот труд бил сигурна врска меѓу сите членови на семејството. Сега, во современото семејство, таа „економска љубов" не постои. Жената е независна од мажот и од неговата издршка. Останува некоја животна заемна помош, што со развојот на општеството, со усовршувањето на комунално-животните услуги сé повеќе се намалува и исчезнува.

Децата се сè уште здрава алка во семејството, но животот покажува дека децата не се во состојба да ја одржат љубовта меѓу сопружниците, ако таа не се обогатува со нешто друго. Уште повеќе што современото семејство престанува да биде единствен воспитувач и учител на поколението.

Кога емоционалната поврзаност меѓу сопружниците е силна, љубовта се покажува како длабока, здрава и трајна, ако се гради на нешто навистина длабоко, здраво и трајно. Таквата основа може да биде само заедничко душевно доживување, еднаков духовен строј на двајцата: општите разбирања и погледот кон светот, еднаквите критериуми за оценка на луѓето и збиднувањата, општата целосна ориентација, еднакви стремежи и идеали. Љубовта не е мисловно набљудување, мечтаечко чувство, пасивна опијаненост. Таа е екстаза, туку борба, заеднички напат кон постигнувањето на општата цел.

Љубовта е пријателство што се раѓа и се поддржува непрекинато од заемната размена на мисли, идеали, планови што ја обогатуваат душевноста и ги поттикнува двајцата кон творештво. Антоан д'Сент–Егзјупери вели: „Да е љубовта целосна не значи да се гледаме еден со друг, туку да гледаме заедно во една иста насока".

Сл. 3. Антонио Канова „Психо оживеана со бакнежот на љубовта" 1793, мермер, 155 x 168 x 101 см, Музеј Лувр, Париз

Љубовта е дружба што со заемна грижа и одговорност за другиот прави чувствата да бидат понежни и поубави. Не е потребно љубените да бидат еднакви еден со друг. Индивидуалноста никако не треба да се потценува. Токму тоа е што ги носи специфичните привлечности на љубовта. Исто така, не треба да се сосема и различни. Во љубовта треба да се дополнуваат. Стремежите и идеалите, разбирањата, погледот кон светот, треба да се еднакви, а патиштата за нивното постигнување можат и да се различни, но заемно да се помагаат во постигнувањето на општата цел. Тогаш и телесното општење се потврдува и со опстанокот на *духовното единство*.

Таквата љубов може да се нарече *другарска, творечка*. Кога тоа ќе се постигне, таа е навистина трајна и среќна, не гасне со времето. Напротив – дури кога половата страст со времето ќе згасне, а децата се одделиле, љубовта станува длабока и несовладлива.

Анализирајќи го развојот на човечките еротични и љубовни односи, се забележува дека постепено се преминува од непромислени *„екстензивни" (промискуитетни) полови односи кон еднолични „интензивни" (моногамни) љубовни врски*. Колку што е личноста попримитивна толку повеќе доаѓаат до израз елементарните сексуални потреби и желби. Со развојот на општеството и на личната култура, сè поголемо значење добиваат духовните потреби во половото општење. И колку двајцата стануваат поблиски и поинтимни, таа потреба станува поголема.

Личноста со богата духовност влегува во интимност со другата не само поради телесна блискост, не само за половиот однос, туку за уживање во убавото и разнообразно љубовно општење од нежната, одухотворената и обогатената со вкупната култура и умеење на двајцата во љубовната игра. Тука половиот однос е само еден елемент, навистина важен, кој добива вредност со еротични доживувања. А тоа е веќе плод на *еротична култура* поврзана со вкупната култура на личноста.

Сега, кога емоционалните односи помеѓу половите партнери добиваат сè поголемо значење, а љубовта се претвора во морална основа на бракот, тенденцијата во развојот на половиот однос преминува од барање на различни партнери (екстензивно, пред сè, количествено сексуално партнерство) кон сè поразнообразни и обогатени еротични доживувања со еден партнер, кој ни е драгоцен, близок, неповторлив (интензивно, пред сè, квалитетно партнерство). Личната и семејната полова култура се јавува како посебно важен стабилизирачки фактор во бракот.

МУЗИКАТА КАКО ЛЕК



Мобилност Битола на одбележувањето на 20 годишниот јубилеј на КУД „Феникс 86“, организираше трибина на тема „Музиката, инспирација, рекреација и креативност за лицата со телесен инвалидитет“, која отвори позитивна дискусија и истакна поделени мислења, а внимателно одбраните музички композиции чии автори се лица со инвалидитет, ја оставија публиката без здив.

За тоа дека музиката има благотворно дејство и кога несме болни, дека го штеди нашето срце, го намалува крвниот притисок, го смалува бројот на срцевите отчукувања и друго, е познато уште од античко време кога познатиот математичар Питагора напишал: „музиката е добра за душата а лековита за телото“.

Минатата година, музикологот мр Александра Паладин и Доц.др Предраг Митровиќ кардиолог од Клиничкиот центар во Београд, во Брселона на Европскиот конгрес на кардиолози добија специјална награда за осумгодишното истражување за тоа колку и како музиката помага при лечење на болните со прележан инфаркт. Нивното истражување кое го спровеле на 740 пациенти со прележан инфаркт, покажало дека пациентите кои покрај вообичаената терапија од лекови слушале и музика од однапред одбрани композитори два пати на ден по 12 минути побрзо се опоравуваат и кај нив болеста поретко се повторува.

Истражувањето исто така покажало дека пациентите подобро ја перцепцираат инструменталната музика и дека терапијата е поефикасна доколку се слуша музика од непознат автор или малку познати дела од некој познат композитор. Работејќи со години на овој проект мр Паладин почнала да ги проучува и биографиите на големите музички автори и заклучила дека поголемиот број од нив боледувале од болест која се лечи со слушање на нивната музика.

Ова нејзино тврдење го потврдила со факти.

Музиката на Верди им помага на пациентите кои патат од главоболка. Верди страдал од мигрена, дури и неговата улица ја посипувале со сено за да се намали бучавата што ја правеле кочиите .

Композициите на Бах позитивно влијаат при намалување на крвниот притисок, а познато е дека Бах страдал од хипертензија.

Музиката на Вивалди им годи на луѓето со епилепсија, од која пател и самиот уметник.

Брамс боледувал од астма, а неговата музика благотворно делува на лицата кои имаат проблеми со дишните патишта.

Глинка имал дијабетис, а неговата музика се покажала успешна при лекувањето на шеќерната болест.

Според доц.др Предраг Митровиќ: „Доколку сте здрави можете да ја слушате музиката која ја сакате и кога сакате. Музичкиот жанр не е пресуден, но потребно е бар два пати во денот по 12 минути слушање на музика за да таа остави позитивен белег во душата. Тогаш звуците би можеле да ги покренат сложените

механизми во телото и со тоа бар минимално да ги спречат негативните дејства од разните надворешни надразнувања. Можете да ги слушате и Џјук Елингтон, или пак Џорџ Винстон, Мајк Олдфилд и сл. Но ако сте болни, ако имате покачен крвен притисок или некое друго заболување, изборот на музика мора да се ограничи и да се прилагоди поединечно за секого."

Треба да признаеме дека во животот на некој начи се ни е пропишано: да смееме да се напиеме само една чаша црно вино на ден, да мораме да изедеме 5-6 бадеми, да јадеме само црно чоколадо, активно да пешачиме одреден број на минути итн. А дали смееме да слушаме музика колку сакаме и каква сакаме? Музиката ја слушаме потполно различно кога сме здрави и ако имаме некој здравствен проблем. Еден ден ни се допаѓа една мелодија друг ден друга. Тоа ни дава за право да веруваме дека помеѓу музиката и здравјето постои силна поврзаност.

Како резултат од истражувањето во Србија, направена е листа на срцеви заболувања и препорачана музика за слушање - музикотерапија во нивното лекувањето:

– Срцева слабост, покачен притисок и дијабетис:

Битлси, Дворжак особено неговиот валцер „Третата симфонија"

– Срцева слабост, покачен притисок и холестерол:

Музиката на Марк Нофлер и Чајковски

– Срцева слабост и дијабетис:

Музика на оркестарот на Мантовани и Едвард Григ

– Срцева слабост и зголемена телесна тежина:

Баладите од „Ван Гог" и „Карневал на животните" на Камиј Сен-Санс.

Американските научници докажале дека слушањето музика од Моцарт најмалку шест месеци, го зголемува коефициентот на интелигенција за 10 до 15 мерни единици.

Во живот има многу примери на позитивно влијание на музиката во секојдневието на човекот. Но во последно време се повеќе се споменуваат и други видови на терапии како што се терапија со гушкање, шопинг терапија и сл.

С. П.

Од активноста на НФСРИМ-МПК

Хрватски параолимписки комитет спонзор на двајца македонски пингпонгари

НФСРИМ-МПК до Хрватскиот параолимписки комитет упати барање за спонзорирање на еден или двајца македонски спортисти во пинг-понг за Европското првенство што ќе се одржи во месец октомври во Сплит, Хрватска.

Имено, Управниот одбор на НФСРИМ-МПК донесе одлука дека не е во можност да го финансира учеството на македонските спортисти во пинг-понг на европското првенство заради нискиот квалитет на нашите спортисти и недоволно финансиски средства за покривање на програмските активности.

Заради желбата Македонија сепак да учествува на овој врвен европски настан, претседателот на НФСРИМ-МПК, Бранимир Јовановски се обрати со писмо до претседателот на ХПО, Ратко Ковачиќ, со кој имаат добри пријателски односи и разбирање, во духот на традиционалната соработка и потврдено пријателство да финансираат учество на еден до двајца македонски спортисти на Европското првенство.

На 12.07.2011 година добивме допис со кој Хрватскиот параолимписки комитет не известува дека ќе спонзорира учество на двајца претставници од Република Македонија. Во оваа прилика најсрдечно им се заблагодаруваме на колегите од ХПО за хуманиот гест и финансиската поддршка до НФСРИМ-МПК. Искрено се надеваме дека ќе бидеме во можност да им се реванширамe поканувајќи нивни спортисти на подготовки во нашата држава. Убедени сме дека нашите спортисти достојно ќе ја презентираат Република Македонија на Европското првенство. Останува селекторот Страшко Коцевски да го изврши изборот на спортистите.

Циклусот на домашни натпревари по одделни спортови одложен за последниот квартал од годината

Со оглед на недоволните финансиски средства и потребата од средства за меѓународна активност во првата половина од годината, циклусот на домашни натпреварувања во стрелаштво, атлетика и пинг-понг се пролонгира за втората половина од годината, односно од септември па до крајот на 2011 година. Стручната комисија и УО на НФСРИМ-МПК во текот на месец јули ќе донесе ревидирана Програма за спортски активности со која ќе се утврдат термините за одржување на регионалните и државните првенства по одделни спортови во 2011 година. За донесената одлука ќе бидат благовремено известени сите општински ССРИ и организаторите на првенствата.

Подготовки на репрезентациојата во стрелаштво во Сремска Митровица

Македонската репрезентација во стрелаштво за инвалиди во состав: Бранимир Јовановски-тренер и стрелец, Ванчо Каранфилов и Оливера Наковска-Бикова (стрелци) и Драган Дојчиноски-генерален секретар на НФСРИМ-МПК во период од 04-12.04.2011 година учествуваше на заеднички подготовки со репрезентацијата во стрелаштво за инвалиди на Србија кои се одржаа на стрелиштето во Сремска Митровица.

За време на подготовките беа одржани повеќе контролни натпревари за утврдување на формата на нашите спортисти. Подготовките беа исклучително корисни и се возвратна средба во соработката што традиционално ја имаме со стрелачката репрезентација на Србија. Спортистите од двата тима беа сместени во хотел Сирмиум, а за време на подготовките се случи и еден немил настан, имено беше обиена колата на нашиот спортист Ванчо Каранфилов при што му беше украден мобилен телефон и навигација, и му беа оштетени предните врати на автомобилот. Полицијата изврши увид на лице место, меѓутоа украдените предмети до денес не се пронајдени.

Учество на светски спортски игри во Анталија

Атлетичарот Ифраим Љута во класата Т-13 и неговиот тренер Крсто Серафимовски од 01-10.04.2011 година учествуваа на Светските игри во атлетика што се одржаа во Анталија, Турција. За жал, заради недостаток на документација и средства за утврдување на минимум инвалидност, Ифраим Љута не ја помина класификацијата и настапи на првенството во една трка вон конкуренција.

Истиот натпреварувач од 20-22.05.2011 година настапи на 14-то Отворено првенство во атлетика на Хрватска, каде беше класифициран од домашен класификатор во категоријата Б-3 (Т-13) меѓутоа за да добие меѓународна класификација ќе мора да учествува на првенство на кое ќе има три меѓународни класификатори.

На ова првенство Ифраим Љута се натпреваруваше во трките на 200м (резултат 26,02 секунди) и на 400м. (резултат 54,61 секунди). И во двете трки, согласно објавените стандарди од меѓународниот параолимписки комитет не успеа да постигне минимум квалификациска норма за учество на Параолимписките игри во Лондон 2012 година.

Б. Јовановски

Бронзен медал екипно во спорт пиштол и финале за ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА во слободен избор

Долго очекуваниот Светскиот куп во стрелаштво се одржа од 2-9 мај на стрелиштето во Аликанте и на истиот настапија преку 240 спортисти од 46 држави кои се натпреварувaа за 12 директни квалификациски квоти за директно учество на Параолимписките игри во Лондон 2012.

Спортистите се натпреварувaа во дисциплините воздушна пушка и пиштол на 10м, 25 и 50 метри растојание. Програмата во Аликанте се состоеше од истите дисциплини во кои ќе се настапи и според програмата на Параолимписките игри во Лондон 2012.

Република Македонија во Аликанте ја преставувaа 5 учесници. Двајца од нив: Бранимир Јовановски и Ванчо Каранфилов се бореа со конкуренцијата за остварување на директна квота, додека Оливера Наковска-Бикова имаше релаксиран настап во обид што подобро да се подготви за Параолимписките игри во Лондон 2012 за кои веќе обезбеди сигурно учество. Спортистите ги придружувааа асистентот Далибор Јовановски и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК, Драган Дојчиноски.

Екипата имаше мошне мачно и долго патување до Аликанте од 21 сат во еден правец при што на некои аеродроми се чекаше и повеќе од 7 часа за натамошна конекција, имавме испуштен лет заради доцнење, многу пешачење по аеродроми, нервози и како „капак“ на се изгубен багаж во првите 2 дена. Премногу нервоза и замор за вака значаен спортски настан. Меѓутоа што е – тукае. Во обид за заштеда на средства избравме најевтина авио конекција и минимум денови на престој и обично во такви случаи се случува тоа што нам ни се случи попатно.

Морам да истакнам дека стрелачкиот комплекс во Аликанте е исклучително добар, меѓутоа ние немавме можност за тренинг и запознавање на стрелиштето заради задоцнето пристигнување во Аликанте и изгубена опрема од авио компанијата.

Првиот натпреварувачки ден (04.05.2011) се одржаа натпреварите во дисциплината спорт пиштол. И уште првиот ден репрезентацијата на Република Македонија се закити со медал во екипна конкуренција. Со резултат од 1625 кругови нашите спортисти го освоија 3-то место и бронзениот медал. Првото место го освои репрезентацијата на Русија со 1704 кругови, а второто место и припадна на репрезентацијата на Кина со 1628 кругови, само 3 повеќе од нашиот тим. Поединечно најдобар пласман имаше Ванчо Каранфилов кој со резултат од 552 круга го освои 12-то место, Оливера Наковска Бикова со 543 круга го освои 19-то место, додека Бранимир Јовановски со 530 кругови беше 29-ти од вкупно 44 натпреварувачи.

Вториот натпреварувачки ден (05.05.2011) на Светскиот Куп во стрелаштво во Аликанте се стрелаше дисциплината малокалибарски пиштол слободен избор. Со оглед на тоа дека стрелиштето има 26 употребливи стрелачки места за оваа дисциплина, а беа пријавени 55 стрелци, согласно правилата на ИССФ најнапред се одржаа елиминаторни борби кои воедно беа и натпревар за екипен пласман.

Се стрелаше во три елиминаторни групи и во секоја од нив се наоѓаше по еден наш натпреварувач. Првопласираните осум натпреварувачи од групите директно се квалификуваа за натпреварот во оваа дисциплина кој се одржа третиот натпреварувачки ден на 06.05.2011 година. Од нашите спортисти во квалификациите се пласираа од првата елиминаторна група Ванчо Каранфилов со 523 кругови, од втората Оливера Наковска-Бикова со 512 кругови, додека Бранимир Јовановски во третата елиминаторна група имаше слаб старт и со 500 круга не успеа да ги помине квалификациите. Екипно, репрезентацијата на Република Македонија го зазеде 6-то место, а интересен е податокот дека бронзениот медал ни „побегна” за само 5 круга, а сребрениот за само 8 кругови. Но, токму во тоа е убавината на спортот, неизвесноста која трае до последните секунди од настапот, буквално до последниот истрел.

На 07.05.2011 година со почеток во 8,00 часот започнаа борбите за квота во дисциплината малокалибарски пиштол слободен избор. Нашите натпреварувачи стартуваа во конкуренција на 26 натпреварувачи и на крајот на основниот дел Ванчо Каранфилов со резултат од 518 кругови го заседе 15-то место, додека Оливера Наковска-Бикова со 528 кругови колку што имаа 4 натпреварувачи помеѓу шестото и деветото место се пласира на 8-то место. Меѓутоа, согласно пропозициите на ИССФ, во случај кога повеќе натпреврувачи имаат ист резултат, а не може сите да влезат во финалните 8 позиции, се стрела shoot-off, 5 елиминаторни истрели од кои на крајот се собира резултатот по децимали, како во финалето. По исстреланите 5 елиминаторни истрели, Оливера се избори за настап во финалето како осмопласирана, а борбата за влез во финале ја загуби Живко Папаз од Србија.

Во финалето ниту среќата ниту концентрацијата не беа на страната на Оливера и настапот го заврши како осмопласирана со вкупен резултат од 612,6 кругови. Ова преставува голем успех за Оливера во подготвителниот период за следните Параолимписки игри во Лондон 2012 година. Финале во оваа силна конкуренција е голем успех и секој натпреварувач кој ќе избори пласман во финале на вака силен спортски настан заслужува потполна почит.

Во дисциплината воздушен пиштол (08.05.2011) Оливера Наковска Бикова со резултат од 368 кругови го освои 6-то место од 26 натпреварувачки, Ванчо Каранфилов со резултат од 556 кругови го освои 14-то место, додека Бранимир Јовановски со резултат од 542 круга го заседе 42-то место од вкупно 63 натпреварувачи. Со тоа заврши Светскиот куп во Аликанте после кој уште 12 спортисти се стекнаа со директни квоти за Лондон 2012 година. Преостануваат уште два Светски купа и тоа во Форт Бенинг, Сад во октомври и во Сиднеј, Австралија во ноември годинава од кои уште 24 спортисти ќе обезбедат директна квота. Да се надеваме дека и нашите натпреварувачи ќе бидат меѓу нив. Во спротивно ќе треба да се чека разврската за пласман по коефициент каде очекуваме да добиеме најмногу едно место за учество на следните Параолимписки игри во Лондон 2012.

Б. Јовановски

МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА НА ИЗЛЕТ

22-мај најубавиот месец во годината, ден создаден за прошетка и дружење, миг погоден за бегство од реалноста.

Дваесеттина членови на Мобилност Гевгелија заминавме на еднодневно дружење во поинаков амбиент од вообичаеното. Наша прва дестинација беше Археолошкиот локалитет Стоби. Пријатното мајско сонце беше наш придружник, разгледувајќи ги највредните обележја кои значат јадро на македонската древна историја и култура.

Мое лично изненадување беше што сретнавме странски туристи што ја запознаваат нашата Македонија. Макар што не го познаваа нашиот јазик не поздравија со насмевка што вреди повеќе од илјада кажани зборови.

Заминавме од археолошкиот локалитет и во прекресно расположение се упативме во преубавиот амбиент на Езерото Младост на терасата на хотелот „Романтик“ Со ручек и во весела атмосфера другарување се дружевме до крајот на денот.

Во касните вечерни часови се вративме дома, побогати со едно ново доживување кое знчи многу во нашето секојдневие.

Билјана Димова

КАКО АМЕРИКА ЌЕ ОСТАНЕШЕ „НЕОТКРИЕНА“

Единствена причина зошто Кристофер Колумбо можел да ја открие Америка е дека: **не бил ЖЕНЕТ**! Да бил оженет, Колумбо ќе требал да се справи со следново:

– А зошто мора баш ти да одиш?
– А зошто не пратат некој друг? Што си ти?
– Тебе се ти е тркалезно! Дали си ти глуп или луд?
– Уште моите не ги знаеш а ти би да откриеш нов свет!
– Што криеш? Не ни знаеш каде одиш!
– А што, на брод само машки ќе бидете? Ма немој!
– А зошто не можам и јас да дојдам, ако си ти шеф таму? Мене никогаш не ме земаш на патувања!
– Стоко, не знаеш веќе што да измислиш само дома да не си!
– Ако излезеш од врата јас си одам кај мајка ми!
– А која е таа Марија? Што сака она? Девојче а? Цркни... педофил еден!
– Сè си испланирал, бесрамник! Си се договорил со тие курвите индијански.
– Не можеш мене да ме измамиш!
– Што? Кралицата ќе го продаде својот накит за ти да можеш да патуваш? Што мислиш дека јас сум глупача? Што има меѓу тебе и таа старката?
– Не ти давам никаде да одиш! Секогаш нешто смислуваш само за да ме оставиш сама!
– Ништо нема да се случи ако светот и понатаму е рамен.
– Немој да се облекуваш, затоа што ти **НЕ ОДИШ!!!**

Митко Фидановски

ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА О.М.Р. дооел БИТОЛА

****** ДВЕ ЛОКАЦИИ ВО БИТОЛА И ПРИЛЕП ******

Прилеп-ул.Кузман Јосифоски бр.70

Тел: 048/410-472 Мобилен 071/368-310

Битола-Петар Његош бр.5 (позади саатот)

Тел: 047/256-537 Мобилен 070/207-391

****** ДОГОВОР СО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ******

ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА :

*** ОРТОЗИ (НАДКОЛЕНИ, ПОДКОЛЕНИ, ГОРЕН ЕКСТРЕМИТЕТ И РБЕТЕН СТОЛБ) ***

*** ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ И ДОДАТОЦИ, ПАТЕРИЦИ, БАСТУНИ И ДУБАЦИ ЗА ОДЕЊЕ ***

*** ПОЈАСИ, ЧОРАПИ ЗА ВЕНИ, ВЕШТАЧКА ДОЈКА И ПЕЛЕНИ ЗА ЕДНА УПОТРЕБА ***

o.m.r.bitola@gmail.com o.m.r.orto@gmail.com o.m.r.biomaterijali@gmail.com




KORG